СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Деведесет и првата седница на Собранието на Репулика Македонија одржана на 26 ноември 2001 година

Скопје, ноември 2001 година

| ДЕВЕДЕСЕТ И ПРВА (91) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 26.11.2001 ГОДИНА<br>Седницата започна со работа во 11,40, а заврши во 15,50 часот.<br>Седницата продолжува! | |
|---|---|
| 1. АНДОВ СТОЈАН<br><br>(претседател на Собранието) 1,45,47,72<br>2. АНУШЕВ ЉУПЧО 28<br>3. БОШКОВ ЈОРДАН 18<br>4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ 36,38<br>5. ГЕОРГИЕВСКИ МИХАЈЛО 65,67,68<br>6. ГОШЕВ ПЕТАР 31<br>7. ДИКА ЗАМИР 14,17,45<br>8. ЗИБЕРИ НАСЕР 22,24,70,72<br>9. ИЦКОВ ДЕЛЧО 90<br>10. КРАЉЕВСКИ ЧЕДОМИР 4,8<br>11. ЉУТВИИ БИЉАЛ 69<br>12. ПОПОВСКИ НИКОЛА 9<br>13. ПЕТРОВСКИ ФИЛИП 49,54,60,62,63<br>14. СПАНАКОВ РИСТО 3<br>15. СПАСОВЃОРЃИ 40<br>16. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР 87,88,90<br>17. ШЕКЕРИНСКА РАДМИЛА 73,80 | Т.1-(Предлог одлука за<br><br>распуштање на Собранието на РМ)<br>-стр.2 |

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Деведесет и првата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 26 ноември 2001 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, сала за седници, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Почнуваме со работа.

Дами и господа пратеници, ја отворам Деведесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеничката Весна Јовановска ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

На седницата поканети се, претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата, за да можеме да го утврдиме дневниот ред и да гласаме.

Имаме 62 картички и сите пратеници кои што внеле картички во системот за гласање, треба да влезат во салата и да си седнат на своите места.

Предлагам, Предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, 61 пратеник гласале за, никој не гласал воздржано, еден пратеник гласал против. Констатирам дека предлогот е усвоен. За оваа седница го предлагам следниот дневен ред.

- Предлог одлука за распуштање на Собранието на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 60 пратеници, воздржано гласале двајца пратеници, ниеден пратеник не гласал против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на дневниот ред.

- Предлог на одлука за распуштање на Собранието на Република Македонија.

Процедурално за збор се јави Г. Чедомир Кралевски.

ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:

Почитуван претседателе,

Во името на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ барам кратка пауза од пет минути.

СТОЈАН АНДОВ:

Пауза од пет минути.

{по паузата)

Преминуваме на дневниот ред.

Предлог одлука за распушташе на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Согласно член 63, став 2, став 6 од Уставот на РМ , Собранието се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број пратеници.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Ристо Спанаков.

РИСТО СПАНАКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас накратко ќе го кажам ставот на пратеничката група на нова Демократија во врска со предлогот на дневниот ред околу самораспуштањето на Парламентот.

И досега она што го изјавувавме во медиумите и ставот на политичката партија е дека , според наше мислење, во овој момент би било контрапродуктивно распуштањето на Парламентот и покрај силната желба и волја на поедини политички партии за предвремени парламентарни избори , за што и ние како политичка партија воопшто не споревме дали треба да има предвремени избори или непредвремени парламентарни избори. Меѓутоа, тоа ќе го направиме кога ќе се создадат услови за тоа. Тоа значи прво, воспоставување на контрола на целата територија на РМ. Враќање на сите раселени лица во своите домови.

Трета работа е валиден попис на населението и кога сите тие работи ќе бидат завршени , кога ќе има услови, кога ќе бидат остварени тие услови, тогаш може да се размислува за евентуални предвремени парламентарни избори. Во спротивно, според наше мислење нема услови за нормални избори, затоа што 10-тина или 15% од територијата на РМ се уште под некаква друга контрола, затоа што имаме уште околу 50-тина илјади раселени лица. До колку, внимателно ги следите сите телевизии,

сите медиуми пишани, штампани, електронски, итн., ќе видите дека проблемот со раселените лица и извонредно крупен проблем во РМ , кој што некако тешко се разрешува и покрај тоа што имавме ветување дури од Меѓународната заедница дека првата работа кон која што ќе се цели после донесувањето на уставните промени е токму тоа да се направи. Раселените лица да се вратат во своите домови. но очигледно дека тоа многу тешко оди, доаѓа зима, се уште има многу разрушени куќи посебно зборувам за Македонци кои што немаат услови да се вратат во своите родни места и во своите родни огништа. Од тој аспект гледано пратеничката група на Нова Демократија ќе гласа против предлогот за самораспуштање на Парламентот. Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

Не.

Бидејќи никој не бара збор,

ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Дозволете ми уште на стартот да го изразам ставот на мојата партија и на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека во принцип ја поддржуваме идејата за предвремени избори, затоа што изборите воопшто па во тој контекст и предвремените се така да се рече најдемократски од сите институти на демократијата кога народот, избирачите, единствените носители на суверенитетот преку својот глас валоризираат определена политика или пак се определуваат за друга поинаква платформа. Во таа смисла и институтот самораспуштање на Парламентот предвиден со Уставот е исто така висок демократски чин кој досега не бил применуван во нашата парламентарна практика. Нема ништо попожелно и поздраво за една Влада, својата политика, резултатите и мерките што мисли да ги преземи да ги провери кај единствено компетентните за таа работа

граѓаните односно избирачите.

Но почитувани колеги за да ја исполнат својата ненадоместлива демократска функција изборите мораат да бидат одржувани во мирна и неконфликтна атмосфера, во која спокојно ќе може да се одвива демократскиот натпревар на програми и идеи од значење за иднината на земјата. За жал како што ни е на сите познато а што најдобро го чувствуваат граѓаните на земјата ние сме далеку од таква пожелна состојба.

Имено, и по усвојувањето на уставните амандмани со што дефакто се исполни и клучното барање содржано во Рамковниот договор ние се уште се наоѓаме во следнава состојба.

Прво, изгледа дека сме се уште далеку од реинтеграцијата на повеќе од една третина од територијата на државата и мораме да признаеме дека тој процес оди споро, разните пилот програми одат исклучително тешко, враќањето на довербата исто така, а сведоци сме дека во привремено окупираните територии се уште оперираат вооружени банди на албанските терористи што ни даваат за право да се запрашаме дали разоружувањето на терористите беше спроведено успешно и целосно.

Имено, беше констатирано од страна на НАТО дека ОНА е разоружена, но сведоци сме за постоење на други вооружени терористички формации, кои сеат став и несигурност во окупираните подрачја, па и пошироко. Ако реинтеграцијата на територијата оди со вакво темпо и со вакви карактеристики , се поставува прашањето како ќе може да се организира изборниот процес во овие подрачја и какви можат да бидат изборните резултати, а сигурно ќе бидат нелегитимни и далеку од согласноста со изборната регулатива.

Дали треба да допуштиме изборите во овие краеви да ни ги организираат и да ги спроведат и други меѓународни организации, со што дефакто би признале дека не сме далеку или веќе сме меѓународен протекторат. Кога го констатирам сето ова почитувани колеги свесен сум

дека враќањето на меѓуетничката доверба е тежок и сложен процес и дека не може да се поврати преку ноќ, но сигурно претставува услов без кој не се може во организирањето и спроведувањето на изборниот процес.

Второ, скоро половина од вкупниот број привремено раселени лица претежно од Македонска националност како последица на етничкото чистење во Тетовскиот н Кумановскиот регион се бегалци во сопствената земја и не можат да се вратат во своите домови. Тие секојдневно се борат со егзистиционални проблеми што и покрај помошта тешко ги совладуваат.

Етничкото чистење изгледа продолжува и по усвојувањето на уставните амандмани. Случајот во село Опае во Кумановскиот крај во кој токму деновиве им се демолирани куќите на Македонците укажува дека процесот на враќање на раселените лица во нивните домови исто така се одвива со големи тешкотии.

Трето, што е со киднапираните лица Македонци?

За жал овие несреќни луѓе ни ден денес нема ни трага ни глас. Голема е и ненадоместлива болката на нивните семејства кога ги гледаат булдожерите кои со денови трагаат по евентуално брутално убиените лица.

Четврто, познато ни е почитувани колеги лалво се штети на Македонската економија и нанесоа војните конфликти, какви се прогнозите , какви се рефлексите на состојбите врз економијата во социјалната сфера , што можеме да очекуваме од претстојната донаторска конференција н воопшто се напори ни престојат за заздравување на економијата и продолжување на реформите. Ова претставува дел од причините почитувани колеги кои треба да не натераат со особена внимателност да ги процениме барањата за самораспуштање на Парламентот и определувањето на датумот за одржување на предвремените избори, ако сакаме изборите да ја остварат својата вистинска улога и цел.

Очигледно е дека ситуацијата во која се наоѓа земјата не ни дозволува да одиме во авантура со чинот на самораспуштање на Парламентот или со набрзина организирани предвремени избори на само дел од територијата на земјата со голем број раселени и киднапирани лица и со разорена економија.

Имено, и во оваа прилика би сакал да го повторам ставот на мојата партија и пратеничка група дека би можел да биде прифатен предлогот на СДСМ за самораспуштање на Парламентот со одложено дејство на одлуката до 28 февруари 2002 година, а предвремените избори да се одржат на 27 април 2002 година, но под услов СДСМ да се врати во Владата на РМ. за заедно со претставниците со другите политички партии да ја сподели одговорноста за разрешување на состојбите во земјата.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ: (продолжение)

Барањето за враќање на СДСМ во Владата ни најмалку не може та се толкува како хир или блеф на владејачката партија, туку како израз на длабока свест за реалните состојби во земјата, како и за потребата да се надминат теснопартиските, дневни и маркетиншки потреби, а сиот потенцијал да се стави во служба на побрзо надминување на проблемите со кои се соочивме и се соочуваме.

Во врска со потребата на СДСМ за излегување од власта, во, инаку најделикатната фаза од спроведувањето на мировниот процес, сакам да направам неколку напомени:

Без голема елаборација отпаѓа тезата, или аргументот што СДСМ го образложи како причина за излегување од власта, а тоа е божемната среденост на состојбата и сл., од проста причина што и на последниот граѓанин на оваа земја му е јасно дека тоа не е така. Навистина, донесени се уставните амандмани, па се поставува прашањето дали само заради тоа СДСМ партиципираше во власта.

Дозволете да потсетам дека најголемата опозициона партија беше и најголемиот кочничар за Парламентот да изврши промени во понудените нацрт-уставни амандмани во смисла во преамбулата да се задржи одредницата македонски народ и дури на крајот, кога стана јасно, како резултат на упорноста на бројните политички субјекти дека таа битка ќе биде добиена, својот цврст став, изразен во стилот, да не се менува ни точка ни запирка од нацрт-уставните амандмани го променија во позитивна насока.

Имено, со жалење може да се констатира дека најголемата опозициона партија не го исполни ветувањето дека во своето дејствување ќе се однесува како конструктивна опозиција. Напротив желбата за повторно и промптно освојување на власта во нејзиното политичко

дејствување, дава печат на политичка партија која заради остварување на својата цел дејствува дневнополитички, теснопартиски, маркетиншки, најчесто заборавајќи на националните и државните интереси.

Изјавите од типот - ја исполнивме својата улога, ја стабилизиравме земјата, за бебиситерството и сл., се само алиби за ориентација на оваа партија повторно да се смести во удобното место на опозиционерството од каде ќе може да продолжи со познатите методи на неосновани критики, продуцирање афери, продуцирање и поддржување на социјални немири и сл.

Се запрашале ли колегите од СДСМ дали со таквото свое дејствување можат дополнително да ја усложнат состојбата, да го прошират фронтот на оние што ќе останат  да ја водат земјата. Нашиот народ не вели напразно дека домашните кавги се поопасни од надворешните.

Не би сакал погрешно да бидам сфатен, со ваквите мои размислувања ниту најмалку сакам да го оспорам правото на опозицијата да упатува критички забелешки, што исто така е неоспорен и неопходен демократски институт. Но, не е демократски ако тоа се прави, како што реков по секоја цена и од тесно партиски интереси.

Дозволете да завршам, со повторување на повикот за враќање на СДСМ во Владата, за надминување на неединството воопшто и она што се манифестира околу одржувањето на из борите, за надминување на меѓупартиските недоразбирања, а се во интерес државните и националните интереси на РМ.

СТОЈАН АНДОВ:

Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитувани колеги, дозволете да го изразам ставот на пратеничката група на СДСМ во врска со одлуката која денес е на дневен ред.

Имаме предлог одлука за распушташе на Парламентот, поднесена Од овластениот предлагач Стојан Андов, во својство на пратеник и претседател. Овој пат во својство на пратеник предлага распуштање на Парламентот.

Предлагачот во својата одлука достави образложение во кое навел три причини зошто Парламентот треба да се распушти на 26 ноември.

Првата причина е дека тоа е предвидено со рамковниот договор кој го потпишаа четирите претседатели на најголемите партии во Парламентот на РМ, и лично претседателот на РМ, а на тоа ставија гаранција и претставниците на САД и Европската Унија. Се разбира дека овие седум многу важни потписи треба да се почитуваат.

Втората причина која ја навел г. Стојан Андов е „во Парламентот се се позачестени блокадите во работата на Собранието" од тие причини предлага да се донесе одлука да се распушти Парламентот.

Пратеничката група на СДСМ, ретко, но овој пар се случува да се согласи со претседателот Андов, дека парламентот кој тој го води е се почесто под блокада и дека е подобро тој да се распушти отколку да продолжи со работа, за да може да ја извади Македонија надвор од кризата.

Третата причина која г. Андов ја навел е „со распуштањето ќе се овозможи поуспешна работа на Собранието". Претпоставувам дека предлагачот, исто така и пратеничката група на СДСМ, не мисли дека со распуштањето на овој Парламент самиот ќе продолжи поуспешно да работи, туку размислува во правец дека со тоа што овој парламент ќе се распушти, ќе овозможи „поуспешна работа на Собранието" се надевам во некој друг состав кој некој друг ќе го води и некое друго мнозинство ќе го води, согласно изборите.

Со сите три причини на предлагачот Пратеничката група на СДСМ целосно се согласува. Но, имаме една нелогична ситуација, веројатно

единствена во овие 10 години македонско собрание, дека наспроти писменото образложение предлагачот на оваа одлука во јавноста изнесе сосема спротивен устен став. Така да ние малку сме сега во недоумица дали предлагачот стои зад одлуката која ја предлага, или тој е против неа, што најреално би било, она што го изнесе, доколку е против неа да ја повлече од Собраниска седница. Меѓутоа, еве таа не е повлечена. Затоа, нашата недоумица е нереална.

Согласувајќи се со предлог одлуката, би сакале да ги истакнеме следните наши позиции.

Прво, идејата за распуштање на Собранието е добра, политички издржана и валидна одлука, која треба да се донесе. одлуката е зацртана во Рамковниот договор, потпишан на 13 август, за кој кажав. Исто така, одлуката за распуштање на парламентот, согласно тој рамковен договор требаше да се донесе на денешен ден. Меѓутоа во еден слет на настани што требаше да значи спроведување на Рамковниот договор во Уставните иницијативи и неколку законски иницијативи.

Во спроведувањето на процедурата за донесувањето на Уставните амандмани во Собранието на РМ, Собранието на РМ, свесно или несвесно, сакајќи или несакајќи направи пролонгираше на зацртаните, од Рамковниот договор, рокови, за најмалку 60-тина дена. Зацртаните рокови, уставните амандмани да се донесат до крајот на септември, се пролонгираат со некаде втората половина на ноември што е прилика по два месеци задоцнување.

Имајќи го тоа предвид сакаме да кон статираме дека станува логично дека сите други рокови во врска со спроведувањето на Рамковниот договор би требало да се зголемат за два месеци. Во рамките на тоа цениме дека и предвремените парламентарни из бори кои требаше да се одржа до крајот на јануари 2002 година, би било логично да се направи така,

што ќе се одржат два или три месеци подоцна, до крајот на април 2002 година. Од тие причини пратеничката група на СДСМ поднесе амандман на одлуката за распуштање на Собранието, која е поднесена денес да се донесе, но со тоа што таа ќе стапи во сила на 28 февруари, а тој амандман не само што ќе го усогласи донесувањето на одлуката со веќе пробиените рокови во Собранието на РМ, туку едновремено ќе овозможи во тие преостанати два три месеци од работата, Собранието на РМ, и Владата на РМ, да

ги довршат сите обврски кои произлегуваат од Рамковниот договор. Тоа значи да се донесат уште двата нужни закони, или двата пакети на закони, за локалната самоуправа и за изборното законодавство, евентуално и деловникот на Собранието на РМ, ситуацијата на теренот докрај да се стабилизира, со оглед што веќе покажува сериозни знаци на стабилизација, раселените лица да се вратат и сите терористички организации целосно да се маргинализираат. Наша процена е дека овој процес може да се заврши некаде до 28 февруари, со што ќе се создадат услови, на 28 февруари, со денот на распуштање на парламентот да се распишат избори согласно Уставот, некаде кон крајот на април 2002 година.

Уверени сме дека доколку ваквата одлука која сега е поднесена и која некои ја прифаќаат принципиелно, но конкретно не сакаат да ја прифатат, ќе биде искрено ако не се смета дека е тоа блеф, да гласаат за одлуката, со амандманот поднесен од пратеничката група на СДСМ и со тоа да докажат дека стојат на позициите на она што го потпишале во рамковниот договор и она што е усогласено со меѓународната заедница за предвремени избори во РМ. Евентуалното одбивање на оваа одлука и на овие амандмани, заправо со евентуалното одбивање, ќе стане сосема јасно дека Собранието нема желба да распише предвремени избори, врз основа на образложеището. Што е поднесено од г. Стојан Андов ќе стане јасно дека мнозинството во парламентот и понатаму инсистира на се позачестени блокади на Собранието и не успешна работа која го следи овој парламентарен состав.

Наша граѓанска и пратеничка должност е да направиме Парламентот да не биде во блокада и да биде што поуспешен во својата работа.

Почитувани колеги пратеници, ние ќе ја поддржиме одлуката за распуштање на Собранието на РМ, со амандманот кој го имаме поднесено, и сметаме дека тоа е единствениот начин да се разрешат дел од дилемите кои постојат во РМ, а се од субјективен карактер, почнувајќи од Парламентот, преминувајќи кон Владата инт, извршната власт.

Поддржувајќи ја одлуката би сакал да го констатирам и следново: туку што слушнавме еден говор од координаторот на ВМРО-ДПМНЕ во ко наместо со распуштање на парламентот половина говор се бавеше со фрлање на дрва и камења врз пратеничката група на СДСМ за да на крајот повика
на единство без караници да работиме понатаму. Колега координатор, со такво фрлање дрва и камења не може да има парламент без караници затоа што караниците  ги почнувате вие. Исто така, сакам да потенцирам дека повикот за заедничка одговорност помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ за разрешување на проблемите во РМ, исто така изнесени од координаторот на ВМРО-ДПМНЕ претставува политичко алиби и ние сме спремни како што бевме спремни тоа да го направиме и во мај кога ја прифативме одговорноста и да ја поправиме ситуацијата во РМ. Меѓутоа, сега поставуваме уште едно прашање кој е координаторот упорно не сака да го постави. Како вие мислите да ја споделиме одговорноста за разрешување на проблемите,а не мислите прво да ја лоцираме одговорноста за оние кои ги создадоа проблемите во РМ,Се додека не се лоцира конкретната одговорност а според нас тоа е во пратеничките групи и партиите која ја имаа власта во Република Македонија до мај 2001 година, кога се формираше големото коалиционо мнозинство и таа одговорност конкретно по партии, пратенички групи, министри и Влада да се лоцира ние не можеме да прифатиме одговорноста за разрешувањето да се лоцира во сите. Особено што и одговорноста произлегува од мнозинството во парламентот кое ги наметнува своите одлуки, своите закони и своите барања така како што мисли. Ќе имаме подеднаква одговорност,кога

ќе можеме да се бавиме под еднаквост под одговорноста и во ова Собрание на РМ. Во случај кога одговорноста ја барате да произлезе и од нас за решавање на проблемите а одговорноста за лоцирање на проблемите не мислите да ја побарате во ниту една пратеничка група,ниту во својата а сте директно одговорни за поттикнување на проблемите во РМ, ние не можеме и понатаму да ја споделуваме одговорноста со вашата политичка партија и вашата политичка група.

Затоа сите такви говори од калибарот на она што го слушнавме претходно ги отфрламе како алиби, како инсинуации и како обид да се префрли топката и одговорноста кон соседите а не кон себе, соседите во овој парламент.

Господине претседателе, почитувани колеги од сите овие причини кои ги наведов ние ќе гласаме и ги повикуваме пратениците да останат доследни на она што го потпишале, што го прифатиле во Рамковниот договор, на оние кој ја поднеле одлуката со образложение да останат доследни на поднесувањето на Одлуката или во случај да не се доследни да ја повлечат, а да на прават алиби дека ја поднесуваат а гласаат против, затоа што тоа е нелогична ситуација.

Ве повикуваме и сите останати да ја следите логиката на тоа дека парламентот е блокиран, дека парламентот не може успешно да работи и дека зад надминување на оваа ситуација е потребно тој да се распушти, да се одржат предвремени избори и во Македонија да се создаде едно политичко мнозинство во парламентот и во Владата која ќе може Македонија да ја води напред. Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Благодарам, г. Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам г. претседателе, почитувани колеги пратеници, да го искажам ставот на Пратеничката група на Демократската партија на Албанците, што се однесува до Предлогот на одлука за распуштање на

Собранието на РМ. Пред да ги искажам нашите аргументи за нашата позиција во врска со оваа точка од дневниот ред, сакам една добронамерна забелешка да направам, да не по инерција продолжуваме да употребуваме термини со емоционална заднина или да ја делиме маката по етничка основа, би сакал ние да почнеме да бидеме тие кои со нашите говори да зрачиме за обновување на враќање на довербата и разбирањето.

Како што сите сме информирани овде и знаеме добро дека една од обврските на Рамковниот договор потпишан од четирите лидери беше и одржувањето на изборите на 27 јануари 2002 година. Но, исто така, сакам уште еднаш да потсетам дека одржувањето на тие избори беше условувано со донесување на некои законски проекти и сите тие беа и временски лимитирани. Сите добро знаеме дека сите рокови почнувајќи од рокот за 30 дена за донесување на Уставните промени рокот 45 дена за првиот закон за локална самоуправа итн., беа пробиени од причините кои сите ги знаеме тука заедно, логично произлегува дека треба да се дискутира и тој термин во Рамковниот договор даден 27 јануари дали тој ќе останува и дали има логика тој термин понатаму да продолжи да остане како термин за одржување на нови парламентарни избори. Зошто ова го кажувам. Ова го кажувам бидејќи 27 јануари 2002 година беше поврзуван со донесување на конкретни закони од Рамковната спогодба кои се дадени во Анексот Б, и кои се однесуваат стриктно на мандатот на овој состав на Собранието и, во контекст на тоа сакам да ги потсетам уште еднаш кои се тие обврски преземени од овој состав на мандатот на Собранието на Република Македонија. Во Анексот Б, измени во законодавство, како прво во рокот од 45 дена од потпишувањето на Рамковната спогодба треба да се усвои законот за локална самоуправа.

Второ, закон за локално финансирање, вели Собранието до крајот на мандатот на овој состав на Собранието треба да го донесе законот за локално финансирање.

Исто така, треба закони кои се однесуваат на полицијата кои се лоцирани во општините и тоа е поврзано со завршувањето на мандатот на сегашното собрание.

Точката 5, закони за државни службеници и јавна администрација. Собранието вели, пред крајот на мандатот на сегашниот состав на Собранието треба да го донесе и овој закон за државни службеници и јавна администрација. Правила на Собранието, значи Деловникот на Собранието, е поврзано исто така, со крајот на мандатот на овој состав, на Собранието.

Точка 8. - закони што се однесуваат на употребата на јазиците, значи, Собранието до крајот на мандатот на сегашното Собрание треба да ги усвои законите што се однесуваат на употребата на јазиците.

Има некои закони кои не се стриктно поврзани со составот на ова Собрание. И тоа е законот за општински граници треба да се донесе до крајот на 2002 година, значи не е поврзан со овој состав на Собранието исто така, законот за изборни единици е до крајот на 2002 година, значи не е поврзан со мандатот на овој состав, и Законот за народен правобранител.

ЗАМИР ДИКА: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Земајќи предвид дека овие земени обврски стојат како одговорност на овој состав на Собранието, затоа што повеќето пратеници припаѓаат на тие политички партии чии лидери ја потпишаа Рамковната спогодба, сметам дека 27 јануари или 26 ноември како ден за распуштање на Собранието не може, нема логика, што се однесува виза ви Рамковната спогодба. Исто така, сакам да ги напомнам и практичните состојби на теренот со раселените лица и техничките околности што се однесуваат на одржување на изборите во овој определен термин.

Сега има некои размислувања што се однесуваат на тоа дека, во ред, нема да гласаме за самораспуштање денеска, но да определиме еден друг датум за самораспуштање. Сметам, ако сакаме да бидеме принципиелни, треба условувањето за одржување нови избори да биде по принципите, обврските или одговорностите што ние, како овој состав на Собранието ги имаме кон Анексот Б од Рамковната спогодба да ги донесеме. Тоа значи, ние да се обврземе или да се потсетиме морално или политички дека до донесување на овие закони што ги спомнав, до тогаш треба да работи ова Собрание. А ние, како политички партии, потписнички на Рамковниот договор треба да работиме ефикасно, без препукување, барем што се однесува до овие превземени обврски. Јас сум во таа насока оптимист дека сепак ќе успееме да ги донесеме овие законски проекти. Ако овие законски проекти успееме да ги донесеме што побрзо, значи и терминот 28 февруари или некој друг термин за самораспуштање ќе биде логично прифатлив. Но, мислам дека наша обврска е принципиелно или условите за одржување нови парламентарни избори да ги произведеме од тоа што значи наша одговорност кон тоа што сме го потпишале.

Затоа мислам дека не држи логиката за ставање на одредени дати за одржување нови парламентарни из бори или самораспуштање, туку да бидат принципите и обврските преземени со таа рамковна спогодба и

нивното имплементирање, да бидат тие што ќе не наведуваат на новиот термин за одржување на нови избори.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Јордан Бошков.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Господине претседателе,дами и господа,

Пред нас стои Одлуката за распуштање на Собранието, одлука предложена по сила на една од провизиите во Рамковниот договор. Со тоа што имплементирањето или вткајувањето на тој Договор во Република Македонија не оди безболно, односно тој едвај ни се остварува. Сметам дека распуштање на Парламентот заради таа причина, бидејќи е тоа предвидено со Рамковниот договор, не е на место.

Тука би било и чесно, а мислам дека е упатно и отворено да се зборува за тоа дали овој состав ја врши задачата што му е доверена за потребите на државата, за потребите на целата заедница во Република Македонија, човечката заедница? Мојата оценка е дека функцијата пратеник, а исто така и функцијата на севкупниот пратенички дом на Собранието во овој мандатен период е згазена. Најнакрај и со потпишувањето на тој Рамковен договор, но пред се со начинот како функционира Собранието.

За државните потреби упатно е да се обнови овој дом. Упатно е да се оди на нови избори. Од друга страна изборите се најголем тест не само за демократијата, тие се најголем тест и за постоењето или остварувањето суверенитет. Такви нешта во Република Македонија не се подмирени. И, надежите дека брзо би било поинаку, јас мислам дека исто така не се на место, дури ниту со тие два месеци одложување нема да се остварат.

На Македонија, на подолга стаза судено и е да биде во едно ниво на контролирана нестабилност или обратно, стабилност, т.е. гаранција за нашите граѓани ќе нема. Дали кон нив ќе биде применет терор или пак не?!

Исто така, што не ми се допаѓа во сите овие месеци, а не се кажува отворено, тероризирани се граѓаните на Република Македонија. Но од кого и кој најмногу, околу тоа има спорови. Мене лично ми пречи што судбината или трагедиите што ги има во народот не завредуваат доволно внимание во овој претставнички дом. Само за потсетуваше, ценети колеги и колешки, ние ниту еднаш не разговаравме отворено на седница на Собранието за тоа што се случува или каде има пропусти, што е потребно да се подобри. Ниту еднаш тоа не беше дебатирано. Од работата на телата на Собранието, издашноста е горе-долу со тенденција кон нула. Некои од комисиите заседаваа, меѓутоа тоа што гледаме или од тоа што може да се отслика врз општеството, исто така е скоро нула.

Кога сум кај тоа кој е тероризиран, дами и господа, најмногу тероризирани се токму жителите од албанско етничко потекло од овие терористи. Тоа никој не сака да го каже. Дури и колегите тука пратеници немаат дерман, немаат мир. И тие не можат слободно да изразуваат тоа што мислат и како би конципирале.

Во Република Македонија се случуваат грозоморни процеси. Етничкото чистење, што е болно и што се однесува на неалбанците, претежно Македонци и други, мораат да се селат под принуда, не е доволен опис на тоа што имаме на теренот. Таму каде има Албанци, таму работите не се розови за Албанците. А од кого? Токму од терористите.

Мислам дека во ваква ситуација кога Парламентот беше толку комотен воопшто да не се зафати со своите надлежности, задачите што ги има, одвишно е да се разговара за тоа упатно ли е да се распушти Собранието или не и дали тоа мора да биде сторено согласно со барањето од Рамковниот договор.

Значи, резонирајќи со својот разум, а до некаде поведувајќи се со своето срце, јас лично сум за тоа да се распушти овој Парламент. Елементарните нужни, основните потреби на граѓаните не можеме да ги подмириме, ниту во економска смисла ниту на безбедносен план, а да не зборувам како да се отвора перспективи. Нашето неработење или нашата незаинтересираност за тоа што се се случува во другите гранки на власта, пред се во извршната, но не е за одминување и правосудната, се рефлектира сосема неповолно за граѓаните. Ние сме должни да вршиме контрола, не за наша потреба, не заради своето его, туку токму заради функцијата што е запишана, опишана, дефинирана во Уставот. Овде не се најде смелост да се застане на патот на извесни махинации од раководствата на партиите. Мислам дека и опозиционите партии, што беа тоа до скоро, не беа подобри.

Блокадата на овој Парламент ја видовме, ефикасната блокада некаде од мај 2000 година, нешто пред локалните избори. Не мораше да се случат паравоени ситуации или директно воена агресија па ние да сфатиме што е блокада на македонскиот Парламент. Ги имавме сите законски текстови веќе во подготовка, тоа што на крајот станува и тема од Рамковниот договор. Дали мислиме на локалната самоуправа, нешто и во доменот на јазиците. Но, се најдоа сили во Парламентот од мај 2000 година поволните за државата проекти да ги минираат и да си бидеме пред себе отворени, тоа е наше потфрлање.

Пресилно е влијанието што го вршат партиските раководства врз пратеничките групи. Наместо обратно, суверено, односно народот во оваа држава кој избира свои претставници да може да ја дефинира климата во политичките партии, излегува обратно. Тесни групи можат да влијаат, ако не целосно, тогаш парадоксално силно на работата на пратеничкиот дом, односно да го гмечат народот. Тоа е штета. Најнакрај и за државата. Штета е за поединците, за граѓаните. Но, мислам дека не е

толку ни случајно каква позиција има Република Македонија на меѓународен план денеска.

Ако се оди на избори според тоа што сега постои на политичката карта во Република Македонија, може да испадне многу лошо за државата. Тоа е моето видување. Упатно е да се биде и критичен и самокритичен, да се најдат местата што придонеле за овој лош развој или за оваа насока како течат работите кај нас. До сега тоа не се гледа. Упорно постојат обиди да се прикаже како народот, така и овде на пратениците, дека партиите се способни и натаму да ја вршат работата за потребите на државата. Ние би морале да одиме на нови избори со дефинирана регулатива. Такво нешто, ако дозволите нема да биде возможно доколку ваква одлука се изгласа.

Мене, до некаде, членот 2 од Одлуката ми е нејасен, бидејќи уставниот налог не е таков. Собранието може да се распушти, но дали може автоматски да престане мандатот, тоа е отворено прашање. Така што должно внимание убаво е да посветиме на членот 2 од Одлуката. До колку вака се премине бегло, односно после ова гласање, во случај да има доволен број за распуштање на Парламентот, автоматски Парламентот не може да заседава за било која тема. На страна што тоа би било, веројатно, прв пат да остане Република Македонија без состав на Собранието. Во 1994 година при изборите и 1998 година мандатот на пратениците не беше спорен до свикување на новиот созив. Република Македонија би била дефинитивно без Парламент.

Јас би побарал од предлагачот на Одлуката што конкретно значи членот 2 во пракса. Дали после тоа не ќе може Собранието да заседава, дали нема за што веќе да дебатира и што, во случај да настанат такви услови, не мора да се политички или воени, доволно е да има некаква непогода од природен карактер? Или добро, ние немаме тука атомски централи, не се движат такви бродови во близина па да настане радија-

ција и со месеци да се излезе ни на избори. Каква ќе биде тогаш судбината на законодавната димензија во Република Македонија? Многу нешта остануваат нејасни, доколку ваква одлука биде изгласана тука.

За мене, мотив да поддржам самораспуштање на Парламентот е и тоа што овде се собраа стотина гласови за промена на Уставот, односно за редефинирање на државата. Е сега, штом таква комоција постоеше, мене ми е помалку нејасно зошто некој ќе се стеснува, ќе му биде непријатно да го распушти Парламентот? Но, велам членот 2 од оваа Одлука за мене останува со нејасни импликации и би сакал да се појасни.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Насер Зибери.

НАСЕР ЗИЕЕРИ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Дозволете ми накратко да го изнесам ставот на Партијата за демократски просперитет по однос за прашањето за кое расправаме и кое претпоставувам сите се согласувате дека е многу битно, многу значајно, но и многу чувствително.

Уште на почетокот да кажам дека прашањето за самораспуштање на Собранието и распишување нови избори беше прашање околу кое се постигна еден поширок консензус во рамките на Собранието и меѓу политичките партии кои всушност сочинуваат доминантно мнозинство во ова Собрание.

Од една таква идеја, меѓу другото и беше создадена широката коалиција односно коалицијата на четирите политички партии ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ПДП и ДПА. И еден од условите зошто пристапија одредени политички партии кои дотогаш беа во опозиција да се приклучок кон Владата, освен

военополитичката криза и напорите за излегување од истата беше токму идејата да се оди на нови избори односно да се распишат предвремени парламентарни избори.

НАСЕР ЗИБЕРИ: (продолжение)

Бидејќи, беше создадено едно доминантно мнение и во јавноста и во Собранието дека на Македонија и се потребни нови избори, на Македонија и се потребни политички партии кои ќе бидат одново легитимирани пред граѓаните и кои ќе имаат мандат и легитимитет, за да може да ја водат во наредните години политиката и судбината на земјата.

Како резултат на таквото убедување и при составувањето на тогашната Влада на широката коалиција, меѓу другото како точки околу кои се согласуваа четирите политички партии за создавање нова Влада, беше и определувањето време за одржување на нови избори, а тоа според тој договор, тогаш беше постигнат месец јануари, односно 27 јануари 2002 година. Иако, и тогаш имаше размислување тие избори да бидат и порано, некои предлагаа подоцна, но компромисното решение беше најдено за овој датум. Како таква определба на овие четири политички партии кои имаат доминантна бројка на пратеници во ова Собрание, не случајно преговарачите во рамките на Охридскиот процес, го уврстија ова како едно од договорените прашања во рамките на основните принципи односно принципите на Охридскиот договор. И, како такво стои во Рамковниот договор дека, Собранието на РМ, ќе распишува нови избори а 27 јануари. Ова не е откривање на никакви детали или новини, ова е само една хронологија на настаните и политички процес околу кои беа усогласени политичките партии, а кои претпоставувам дека имаше и позитивен одек во широката јавност во РМ. Но, бидејќи овој датум се врзуваше за спроведување на одредени обврски кои се превземени со Охридскиот договор, многу рано веќе беа дадени индикации дека датумот 27 јануари ќе биде пробиен, односно дека нема да може преземените обврски во склопи на Охридскиот

Рамковен договор дека ќе можат да се исполнат. Ова е едно од прашањата околу кое сега се разединети односно различни мислењата на одредени политички партии по однос на тоа, дали 27 јануари е денот кога треба да се одржуваат изборите и соодветно на тоа 27 ноември треба да биде како ден за распуштање, бидејќи согласно Уставот, изборите треба да се одржуваат најкасно три месеци, а најрано два месеци односно 60 дена од денот на распуштањето на Собранието.

Втора дилема околу која пак има различни мислења помеѓу политичките партии кога е во прашање идејата за организирање предвремени избори е фактичката состојба на теренот односно кризните жаришта во кои состојбата е таква каква што е.

Неминовно се поставува прашањето, дали објективно реално може на утврдениот датум ваков каков што е, може да се организираат и да се спроведуваат фер и демократски избори, дотолку повеќе ако ги имаме предвид претходните искуства кога имаше сосема нормална, би рекол, ситуација на политички план, а ние имаме избори какви што имавме и внатрешната и меѓународната јавност ги оквалификува како скандалозни, како повеќе од лоши или најлоши избори одржани во повеќепартискиот систем во РМ. Така што, не е на одмет, да се констатира дека ваквата ситуација ни од блиску не овозможува реални и оптимални услови за евентуално настојување за распишување на избори за 27 јануари. Тоа е фактичката состојба. Ние сега можеме да се вратиме и да ги бараме причините зошто е тоа така, зошто навреме не се спроведува Охридскиот договор. Зошто, согласно спроведувањето на Охридскиот договор, би се спроведувале и другите обврски поврзани со воено-техничкиот договор, враќањето на раселените лица, безбедносните сили и надминување на севкупната кризна состојба која се наоѓа во регионот. Но, тоа е така и ние тоа не можеме како факт

пред него да замижеме и да се однесуваме како да е се во ред и дека ние можеме да одиме на 27 јануари на избори. Впрочем, не случајно и подоцна на некој начин промената на ставот и односот на повеќе политички партии, меѓу кои и еден, би рекол, основните покренувачи на идејата за предвремени избори СДСМ и идејата евентуално одлуката за распишување на нови избори, да се помести за два месеци или оптимално време во рамките на кое ќе се создадат овие услови, за да имаме навистина и предвремени избори, но и услови во кои тие избори ќе можат да се спроведуваат.

Ние како политичка партија ги разбираме фактите и состојбата каква што е и затоа сметаме дека во последно време, доколку не се крие нешто зад јавно изнесените ставови, цениме дека се приближуваат ставовите во меѓу двете поголеми политички партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, дека може да има предвремени избори, но под услов тие избори да се пролонгираат за одреден тајминг во рамките на кој ќе се создадат соодветни услови. И, не случајно во последно време СДСМ дури и предлага ако не грешам и амандман во полза на тоа дека изборите можат да се пролонгираат до одредено време и јавно изнесениот став од страна на ВМРО-ДПМНЕ дека би се согласиле евентуално изборите да се распишуваат кон крајот на месец април со обврска до крајот на месец февруари, тоа значи 27 февруари би се распуштило Собранието, а на 27 април би се одржале, односно спроведувале предвремените парламентарни избори. И, ова е точката околу која можеме да најдеме консензус, доколку, намерата ни е искрена и доколку зад јавно изнесените ставови не се крие нешто друго. Во овој период би се создале, претпоставувам, соодветни услови на теренот за да може да се организираат фер и демократски избори, и се разбира со една ако треба дури и официјално барање до ОБСЕ за непосредно учество нивно во помагањето, да не речам спроведувањето

на изборите, туку во помагањето на нашите изборни органи, органи задолжени за спроведување на изборите, но и органите на Владата кои директно или индиректно се поврзани околу изборниот процес да може да се спроведуваат, фер, коректно и демократски избори. Од друга страна, тоа што сметам дека ги условува спроведувањето на овие обврски за да се создадат оптимални услови за фер и демократски избори е спроведувањето на останатиот дел на обврските од Охридскиот договор, според кој се условуваат и реинтеграцијата на овие кризни жаришта, и враќањето на раселените лица, и влегувањето на безбедносните сили, но и односот на Меѓународната заедница спрема севкупните состојби во РМ, а ви за ви тоа и економскиот план олицетворен во донаторска конференција но и во други активности кои можат да уследат како поддршка на напорите на РМ, за излегување од кризата, откако ќе бидат спроведени, се разбира, обврските од Охридскиот договор, зад кој стои и Меѓународната заедница.

И кога сме тука, неминовно ќе се постави прашањето на крупни обврски кои дотогашната или досегашната Влада, и ова парламентарно мнозинство ги има превземено со Охридскиот договор, а тоа пред се е Законот за локална самоуправа кој бара двотретинско изјаснување на Собранието, кој е малтене ист квалификатив како и постапката за донесување на Уставот на РМ, но и Законот за органите на управата, кој исто така бара двотретинско мнозинство за да може да се промени, а една од обврските од Охридскиот договор е исто така промената на овој закон. Не заборавајќи ги тука и другите обврски кои се превземени како што е Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за територијална поделба, Деловникот за работа на Собранието, и да не ги набројувам одредени колеги тука, и ги прочитаа точно како што стојат обврските, кои треба да ги спроведува

овој состав на Собранието, зошто би било нелогично барем гледано од мој аспект да ние сега тука ја прекинеме работата и сите овие обврски ги префрлиме кон друго Собрание, кое евентуално би дошло после 27 јануари како ден за одржување на предвремени избори.

Но, доколку може да се постигне консензус, околу ова прашање, да Собранието се распушти на 27 февруари, тоа во никој случај не треба да послужи како алиби пред се на Владата и владиното мнозинство, да евентуално повторно се одлагаат превземените обврски и неисполнувањето на договореното, за да повторно некоја страна има алиби, повторно да се одлагаат изборите. Зошто во тој случај повторно албанските политички партии ќе се повикуваат на одредбите на Охридскиот договор, и идејата да се спроведат превземените обврски.

И уште едно одлагање, што би значело, се разбира, одење на редовни избори, и претпоставувам дека тоа би било надвор од било која спремност сега да се поддржи една таква идеја од повеќето политички партии со извесни исклучоци.

Затоа сметам дека можеме да донесеме две важни одлуки, битни за ова прашање.

Првото, да се поддржи идејата за евентуално донесување на денешна седница, на оваа седница, а одлуката за распуштање на Собранието, но одлуката да стапи во сила на 27 февруари, или соодветен акт, кој исто би значело така, доколку формално-правно или процедурално тоа не е можно така, но тоа, тоа треба да значи.

И второ, еден став на Собранието спрема Владата, да во овој рок превземените обврски од Охридскиот договор да бидат исполнети -Законот за локалната самоуправа е веќе готов, Законот за финансирање на општините е прикрај, веќе се работи на Законот за територијална поделба, се работи на законите за избори, и останатите

активности, Деловникот за работа на Собрание веќе е готов, треба да се имплементира само одредбата во однос на употребата на јазикот, и со еден заокружен политички процес на овој законодавен план да завршиме, и соодветно на тоа организирање на донаторската конференција добивање на аранжмани со ММФ Светска банка, и реинтеграција на раселените лица, враќање на безбедносните сили и создавање соодветни услови за одржување на фер и демократски избори, во една претпоставувам порелаксирана атмосфера, и со непосредно или посредно учество или помагање на ОБСЕ и соодветните европски институции надлежни за спроведување и контрола-монингтори изборите, тоа да се изведе на еден фер и демократски начин.

И од тука пратеничката група на ПДП ќе го поддржи тој амандман, кој оди во прилог на оваа насока.

СТОЈАН АНДОВ: Благодарам.

Господин Љупчо Анушев.

ЉУПЧО АНУШЕВ:

Господине претседателе, колеги пратеници,

Сакам да ве потсетам на неколку работи од поранешните наши излагања. Во излагањето во времето за иницијативата за промена на Уставот, ние како пратеничка група ве повикавме и ги понудивме нашите оставки и ве понудивме и вас да ги поднесете оставките и да го распуштиме Парламентот пред да се донесат уставните промени и да му овозможиме на народот да гласа за опцијата и за партијата, која тоа ќе го спроведе. Ви зборував и за достоинството на пратениците. Достоинството на овие пратеници во неколку наврати е уништено,

поготово со присилувањата на онакви уставни промени под диктат. Ова е дел од рушењето на тоа достоинство. Сега, се поставуваме во улога кога едни пред народот ќе бидат херои, а оние кои што ќе гласаат против, тие ќе бидат за задржување на своите фотелји. Меѓутоа, вистината е поинаква. Ние предложивме референдум. Ако се сеќавате и Нова Демократија исто така. Причините, кои што некои колеги, а сега се предлагачи за распуштање на Парламентот дека не може да се одржи референдум, затоа што нема целовитост, нема ова, нема она, до сега, јас мислам дека не се променети. Тие останаа исти. Сега, не може да ми биде јасно еднаш да зборуваме дека нема услови, а сега да зборуваме дека има услови. Пласираме пред народот, демек еве сега ние сме тие кои што му мислиме добро на народот.

Ставот на мојата партија е познат. Ние баравме предвремени избори веднаш по излегување од Владата. Понудивме економска програма, понудивме правила на игра, понудивме предлози за уставните промени. Меѓутоа, ни е по ред ставот дека бараме предвремени избори, а имаме уште два многу јаки принципи. И, да не го потценуваме народот, затоа што, сигурно не верувате дека народот ќе сака да има избори со стариот изборен закон, па да имаме пак пукање, пак тепање, кршење кутии, итн., како што ни се случуваше во сите изборни закони, се извинувам во сите изборни циклуси. Сега, би кажал нешто лично, јас што имам желба. Пошто не убедуваа некои колеги дека после донесувањето на овие уставни промени, ќе тече мед и млеко во државава, ќе престане војната, ќе престане убивање, ќе престане пукање, ќе престане киднапирање, јас сакам да ги видам тие благодети, сакам да ги видам колегите со слушалки на уши, сакам да ги видам како ќе ги донесуваме законите со консензуалното гласање и сето тоа да го направиме, да го подготвиме народот, да ги подготвиме идните пратеници, да расчистиме и кога ќе дојде наредниот состав, да

им биде се чисто. Затоа што, еднаш реков, ние не одредија за жртвени јагнињa, некој е не кој не е, некој си гласа по сопствена волја, некој гласа по волја на партијата. Мислам дека е најдобро сите закони што се предвидени овој состав да ги донесе, да не им оставаме стари болки на наредните пратеници. Веројатно ќе бидат подготвени гледајќи не нас неколку месеци со слушалките, гледајќи не како ќе ги изгласаме законите, пошто имаме консензуално гласање и во таа смисла сметам дека е добро да направиме едно национално единство. Јас во таа смисла го поздравувам позивот од ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитувани колеги, нашава политика во овој период ја карактеризираат две доминантни карактеристики. Едната е супстанца на сплетки, сплетки и постојано сплетки. Другата е продолжение на еден дел од комунистичката, социјалистичката платформа. Тоа е платформата на распределбата.

Вие се сеќавате, од пред плуралистичкиот период, јас политички го живеев и го знам тоа, се разбира, и многу други овде. Главна тема беше распределбата, според трудот, распределбата на доходот, распределбата, распределбата и само распределбата. Во тој период никој не размислуваше, никој се разбира е премногу тврдо, меѓутоа малку се размислуваше како да се произведува, како да се зголеми капиталот. Како да се сочува супстанцата на капиталот. Како да се репродуцира таа супстанца на капиталот и постојана битка на сите состаноци, во сите реферати, распределбата, распределбата. Мислевме дека тие што ги мразат комунистите, поради лошиот систем и поради слабите резултати, во овие десет години ќе ја сменат политиката на распределбата и наместо доминантна тема повторно да биде распределбата ќе биде нешто друго доминантно, како да се произведува како да се зголемува капиталот, како да се зголемува вработувањето и како соодветно на тоа да се намалува, соодветно на тоа невработеноста. Меѓутоа, и во овие десет години продолжи главна тема да биде распределбата. Но, сега не распределбата на личните доходи, туку распределбата на министерските функции, распределбата на коалиционите позиции во Владата, распределбата на контингентите, распределбата на тендерите, распределбата на фирмите кој ќе ги приватизира. Значи, повторно распределбата и само распределбата. Затоа ние сега

деновиве ќе имаме седми пат конституирање на влада во тригодишниот период и повторно ќе биде тема распределбата на министерските места, распределбата на заменичките места, распределбата на јавни фирми, распределбата, во рамките на тоа повторно на фирмите, контингенти, прераспределба и така натаму. Значи, тие што имаа голем анимозитет, кон комунистичката, социјалистичката платформа, продолжуваат со истата тема, се разбира на еден уште полош начин.

Другата карактеристика е сплетките. Оваа седница е седница на сплетки, седница од сплетки, мотивирана за сплетки. Оваа седница исто така нема намера да разговара за политички програми, за политички платформи, законски проекти, совладување на вистинските проблеми со кои се соочува народот. Значи сплетки, сплетки и сплетки, сите овие години. Сплеткароши колку да сакате. Сплеткароши пред мене,сплеткароши зад мене, сплеткароши овде, надвор од оваа сала, само сплеткароши. И лево и десно и во центарот и тие што се во центарот се таканаречени претенденти на центарот.

Ако сакавме да разговараме за договор за избори, почитувани пратеници, драги пријатели, тој договор за имплементација на уставните измени, за совладување на кризата во РМ, претпоставуваше договор и за закажување на седница на која што ќе има договор кога ќе има избори, дали ќе има избори или Ѕе нема, бидејќи закажувањето на изборите е една од точките во Рамковниот договор. Се разбира, договорот си е договор, сплеткарите си се сплеткари, договорот во аут, сплеткарите на дневен ред и ние имаме седница за сплеткарење, која се разбира не ја плаќаат сплеткарошите, ја плаќа Буџетот на РМ, од кој сиса Собранието на РМ и се знае совршено седницата има исклучиво манипулативен карактер.

Зошто сето ова им е потребно на аранжерите на сето ова, навистина не ми е јасно. Дали ќе спасуваат политички кариери, дали ќе

подобрувaaт политички кариери со тоа, дали ќе се стави пепел врз сето тоа што е направено до денес, пепел на сите овие проблеми со кои се соочува РМ односно пепел на произведувачите на сето тоа што ни се случи не знам, но јас верувам дека ниту ним, ниту нам, ниту било кому тоа ќе му помогне.

Се изнесуваа аргументи овде зошто нема услови за предвремени избори, зошто не треба да има предвремени избори. Сега слушам дека причини за да не се распишуваат предвремени избори биле окупирани територии, сме имале окупирани територии. Имаме. Дека сме имале раселени и отселени лица. Имаме и раселени и отселени лица. Дека сме имале расплакани семејства. Имаме, коси си корнат многу семејства во РМ, посебно тие кои загубија од своите најблиски, а има и оние другите кои немаат корка леб денес, немаат скршен денар да набават огрев, зимата, еве среќа до сега не беше остра, а отсека ќе биде барем неколку месеци.

Дека причина за да не се распишат избори била катастрофалната економска состојба во која се наоѓаме, дека ни е суспендиран речиси правниот поредок, ама не ни се суспендиран само на тие таканаречени окупирани територии или вистински окупирани територии, туку суспендиран е правниот поредок пошироко во РМ, дека секој ден ние се зголемува криминалот, криминализацијата во општеството и дека секој ден на ТВ слушаме за убиства, не на меѓуетничка основа, туку убиства заради распределба на пленовите во македонското подземје, било тоа да се наоѓа надвор од власта, било да се наоѓа внатре во власта на РМ. Секоја вечер имаме такви вести на екраните, на медиумите во РМ. Тоа биле аргументи зошто не треба да има предвремени избори.

Сега ако ја следиме оваа логика драги колеги, ќе може да продолжиме по таа логика на овој начин. Ако продолжи влошувањето на состојбата во РМ по сите овие прашања, ако на пример, не дај боже

се зголеми делот на териториите под окупација, ако економската состојба во РМ станува уште покатастрофална, ако уште повеќе се суспендира правниот поредок во РМ, ако се зголеми бројот на лицата кои се раселуваат во РМ, ние ќе дојдеме до заклучок дека на нас ептен не ни требаат предвремени избори, нема да ни требаат ни редовни избори затоа што состојбата во РМ се влошува. Значи ќе дојдеме во ситуација ние да извлечеме заклучок дека избори во Македонија не се потребни затоа што состојбата е лоша, затоа што се влошува, затоа што проблемите не ги решаваме и така нема да имаме ние услови,според оние што треба да одлучат дали ќе треба да има предвремени избори, никогаш да не се распишат избори во РМ. Може да се случи и во октомври, кога редовниот рок ќе биде на дневен ред, за завршување на мандатот на оваа власт да имаме окупирани територии, да имаме нешто полоша економска состојба криминализацијата уште повеќе да е зголемена, на медиумите да слушаме за уште повеќе жртви во подземјето во РМ и заклучокот на овој Парламент по оваа логика ќе биде да нема избори. Ќе си седиме ние, ние што ја произведовме оваа ситуација, ние самите ќе си доделиме мандат за продолжување на нашиот мандат. Тоа води кон таква логика. А ако некој ги поставува работите прво да ги решиме овие работи, па потоа ќе распишеме предвремени избори, тој си поставил задача, сакајќи ја повеќе власта отколку решавањето на проблемите, бидејќи да беше спротивно ќе се работеше поинаку, да не ги решава овие проблеми и да го продолжи своите управување со земјата, бидејќи од тоа управување очигледно има многу корист. Таа логика води во тој правец и доаѓаме до уште еден заклучок во тој правец. Колку помалку легитимитет. или колку ништо легитимитет, толку повеќе желба за барање за останување на власт, а легитимитет овој парламент, оваа коалиција на власт, целата како што почна наречена коалиција за промени, или делумно осакатена, нема. И ако се сака да се провери тоа, се бара начин како да се дојде до побрзи

избори. Значи театарот на апсурдот во РМ продолжува. Тој театар на апсурдот ќе произведува проблеми се подлабоки и подлабоки и нема да излеземе од криза и сплеткарењето нема да ни ги реши проблемите во РМ.

Кога избори?

Избори требаше да има уште минатата година, уште предминатата година требаше да има избори. Меѓутоа се разбира имаше доблест некој повторно да си го провери авторитетот кај избирачите во РМ. Сега избори декември месец не е за избори, јануари месец не е за избори, се разбира. И тогаш кога падна некој договор во јануари месец да се држат изборите, мојот резигниран одговор беше дека тоа се месеци за некои други животни, не за луѓе но паднал таков договор, а договорите во ова. држава не се почитуваат законите, па политички договор или даден чесен збор. Тоа се мислени именки за нас во Република Македонија. Ако се сака избори, ако се сака да се прекине со сплеткарењето и штетите од сплеткарењето во Република Македонија, оваа седница треба веднаш да биде прекината. Оваа лакрдија веднаш да биде прекината. Ова трошење непотребно на се помалите пари и зголемувањето на дефицитот во буџетот на Република Македонија треба да прекине. Веднаш треба да прекине и бидејќи ова прашање е прашање на договор на една од точките за договор страните што го потпишаа договорот да седнат и да се договорат пред да се закаже било каква седница да се испитаат можностите за што побрзо закажување на предвремени избори. И се разбира пролетта е најдобар термин за тоа. Што се однесува до мене закажете ги кога сакате, ама некој ќе биде избркан или со избори, или без избори. Меѓутоа за да не биде така и да се прекинат штетите од овој наш Парламент, од ова наша извршна власт, прекинете ја седницата, тоа е мој предлог и закажете средба на договор во март или април да се закажат навистина избори, а изговори зошто не можат да се одржат избори, можат да бидат и стварни

можат да бидат и измислени, може да си измислуваат континуирано, може и намерно да се произведуваат, ние нема да имаме се разбира никогаш избори. Ако Македонија уште еднаш докаже дека не е способна да закаже и одржи регуларни избори, тогаш Македонија нема правно политички легитимитет. Државен легитимитет како она покраина или ентитет или недефинирана состој ба наречена Косово. Бидејќи во Косово успеаја да одржат избори, успеаја да одржат мирни избори, фер избори, Македонија ако овде е убедувана дека не може да одржи избори јазк да им е на тие што не убедуваа во тоа и што побрзо да си одат,толку подобро. Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Мерсел Биљали.

МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

И јас уште на почетокот ќе кажам дека сум за предвремени избори и ќе гласам зависно како претседателот ќе го предложи заклучокот, ако заклучокот гласи, автоматско самораспуштање ј ас ќе гласам затоа. Не поради тоа што мислам дека тоа е рационално, тоа воопшто не е рационално, туку алтернативата е многу поирационална, односно многу понерационална. Не поради што ќе гласам за предвремени избори, не поради за да продавам некој ете некој личен маркетинг пред гласачи, тоа нема врска од причина што никој со сила нас не не донесол тука, па ето сакаме да глумиме пред гласачите дека ние можеме и сакаме да се самораспуштиме, тоа воопшто не е вистина, не поради некој личен инает или субјективизам вака или слична фрустрација што не е овај компонента на мојот карактер, туку едноставно сметам дека треба да се гласа за самораспуштање од просто принципиелни причини. Зошто мислам дека треба да се гласа од принципиелни причини. Аргументите се следни.

Прво, се поставува прашањето колку ова Собрание е функционално, односно како функционира, согласно обврските и должностите кои ги има според Уставот на државата, може ли да се поставува прашање дека често па и ден денеска, ова Собрание до крај дејствува против Уставот, значи не само што не ги почитува Уставот и законите, туку дејствува често против Уставот и противзаконско. И тоа ќе го образложам зошто е така. Некој кажа тука дека изборите за 27 јануари се нелогична работа и јас се согласувам со тоа, ама со еден услов. Тоа ќе беше нелогично ако се работи за една нормална или лигичка структура на власт. Не знам колку е логично да се бара логика во нелогичноста. И затоа мислам дека е многу пологично ова како самораспуштање, оти логично, нелогичното да опстојува понатаму ова Собрание со сите деструкции кои ги врши овој Парламент. Реков дека ќе пружам некој аргументи. Тешко е да се набројат сите аргументи, во полза на тоа дека е во прашање круцијалната неодговорност на ова Собрание. Еве еден од аргументите, а тоа е:

ОМ/СС

МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:(Продолжение)

Според сите показатели, евидентно е дека ова Собрание е сведок на толерирање на несвоевиден криминал, невиден криминал во државата и не презема никакви обврски што, според Уставот и Законот ги има. Ако од оваа држава исчезнаа 1 милијарда марки за неколку последни години, се поставува прашањето, значи, по разни канали, сива економија и т.н., се поставува прашањето и тоа многу логично што направи оваа држава за да барем политички некој одговара, бидејќи кривичната и друга одговорност е надлежност на другите органи. Барем политички дали некој одговарал за оваа сума што ја спомнав? Било како Влада, како целокупна структура, било како министер, било како јавен функционер избран од ова Собрание? Како е можно, имаме тука избрано јавен обвинител кој не презема дејство против никого а фактички имаме ваква состојба што тешко да се најде аналогија?

Сите знаеме како заврши еден Кол кој е толку заслужен за Германија, само за ете , пари, што не ги евидентирал, а ги префрлил на партиска сметка. Сите знаеме како заврши Вили Клас кој имаше толку големо значење за улогата на НАТО во помодерниот или поновиот период и т.н.

Значи, мора да признаеме дека Македонија, сепак, со сите свои проблеми што ги имаше , беше на пат да се изгради во некоја средно развиена држава, со сите компоненти на просечна правна држава, помалку партиска иако не беше ни тогаш имуна од партиските влијанија. Меѓутоа, ова последново не може никако да се спореди со ништо, од причина што сега веќе не сме на пат да изградиме средноразвиена држава, туку сме на пат да изградиме до крај најпримитивна држава, нај сиромашна држава. Веќе се наоѓаме на дното на рангирање на државите во светот, било како економија било како социјала, било како култура,

образование и т.н. И ова , се ова Собрание го толерира и не презема ништо. Дури подржува таква деструкција.

Ние сме последни по тоа како дефиниција дека државата би требало да преставува сервис за граѓаните. Напротив, нашата структура е сервис на поединци, на групи, па да не кажам и криминалци и други структури кои не знаеле или воопшто не виделе пред 2-3 години како изгледаат илјада марки, а денеска се милионери, се разбира во марки.

Ние сме последна држава што на граѓаните нуди квалитетно образование, нуди напредок на културата. А, во нешто сме први, а тоа е криминалот. Тоа е фактот. Затоа е време да ги спасиме луѓето од нас, сите тука, вклучувајќи ме и мене. Од причина што ова Собрание е веќе делегитимирано политички и морално. Ако постои таква делегитимација тогаш правниот легитимитет нема никакво значење.

Ова Собрание толерира информативен терор во државата и тоа од една куќа што се финансира од старана на граѓаните. И оттука се поставува прашањето како е можна толкава доза на самоволие и терор и еднострaност во процесот на информирањето што е столб на правата на човекот, а никој да не одговара, па ниту тие луѓе избрани од ова Собрание?

Значи, логиката на функционирањето на ова Собрание и на Владата до сега била во стилот што полошо тоа подобро, од причина што ако се осиромашат граѓаните, многу полесно со нив, затоа што ќе го изгубат достоинството, ќе се манипулира, ќе се поткупуваат, ќе се продаваат итн. Секој нормален човек, опсерватор, надворешен набљудувач или како сакате, кој, според податоците ќе ја дознае вистината во однос на нашите состојби ќе каже дека ова Собрание, заедно со Владата , не само што не направи ништо добро за граѓаните, туку напротив, претставува елементарна несреќа за граѓаните. Санта мраз за сите граѓани во државата.

Ако уште еден мандат на ова Собрание, што ќе формира уште една таква квалитетна Влада, верувајте дека идното Собрание ќе биде репрезентација само на тие луѓе кои главна облека ќе имаат животинско крзно, а главното оружје ќе им биде стрела.

И на крај, ќе кажам дека на нашите граѓани секако им е подобро насекаде отколку во сопствената држава. Не случајно нашите кадри се ценети на секаде, а девалвирани во својата земја. Тука се во прашање круцијалните приоритети што ова Собрание, исто така и Владата ги има.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор г. Ѓорѓи Спасов, ЃОРГИ

СПАСОВ:

Почитуван господин претседателе, почитувани колеги пратеници,

Се согласувам со мислењата дека денеска, пред нас, имаме една политичка седница што повеќе личи на фарса отколку на сериозна седница на Собранието на РМ покрај до сега извонредно добрите дискусии што имавме можност на оваа седница да ги слушнеме. Го делам мислењето дека седницава е фарса пред се врз основа на предлогот што го добивме од предлагачот на оваа точка од дневниот ред, г. Стојан Андов во својство на пратеник.

Тој, како што спомна и нашиот координатор, меѓу другото ни предлага денеска да донесеме одлука за самораспуштање на Парламентот. И, двете главни причини заради кои што смета дека треба денеска да донесеме една таква одлука се , според него, односно според образложението на овој предлог, се почестите блокади во работата на Собранието и втората, дека всушност се оценува дека со распуштањето на Парламентот ќе се овозможи по успешна работа на Собранието, со што ќе се придонесе за обезбедување на мирен развој на граѓанското општество и демократијата во РМ.

Наспроти ова, ние веќе во јавните медиуми ја имаме неговата изјава дека тој ќе гласа против распуштањето на Парламентот и логично, секој 6и требало да извлече заклучок дека тој всушност ќе гласа против распуштање на Парламентот затоа што и натаму е заинтересиран овој Парламент да биде блокиран и овој парламент да не се распушти за да не се овозможи работа на Собранието што ќе обезбеди мирен развој на граѓанското општество и демократијата во РМ.

Оттаму, ако некој нешто вакво ви предлага, а истовремено дава такво образложение, станува сосема јасно што е намерата. Намерата на овој предлог е всушност со ставањето на овој предлог на дневен ред на Собранието формално да се избегне обврската од Рамковниот договор за било какви предвремени парламентарни избори што таму се набележани за 27 јануари. Имено, имајќи предвид дека мнозинството од Собранието, што тој го има сугерирано како свој личен став ќе се изјасни против распуштањето на Собранието на тој начин всушност се избегнува, било кога до крајот на мандатот на ова Собрание да дојде на дневен ред предлог за распуштање на Собранието затоа што таа обврска од Рамковниот договор, според него , веќе ќе биде апсолутно апсолвирана.

Оттаму, сметам дека треба да дадам образложение зошто сепак сметам дека треба да се гласа за распуштање на Собранието и тоа со прифаќањето на амандманот од СДСМ да се распушти Собранието денеска со дата на важење од 27 февруари, со цел изборите да ги имаме на 27 април.

На пример, Замир Дика рече дека во Рамковниот договор само една од обврските е изборите да бидат на 27 јануари. Меѓутоа, дека во тој Рамковен договор постојат низа други обврски што треба да се испочитуваат и ние тоа го разбираме. Меѓутоа, не гледаме дека другите обврски имаат толку поголема важност од оваа обврска како што се

предвремените парламентарни избори и дека , всушност, договорот што го потпишавме со сите политички партии, беше договор што говореше за тоа дека кризата во РМ ќе биде совладана и на тој начин што во Македонија ќе има предвремени парламентарни избори и дека кризата ќе биде совладана на тој начин што ќе имаме фер и демократски избори односно политички субјекти во Парламентот со нов легитимитет добиен од граѓаните на РМ. Според тоа, тоа се двата краја на едната иста криза. И сега, во овие услови, ако сметаме дека едното е важно а другото е неважно, тогаш имаме вистина сериозен проблем во поглед на гледањето што е условот за совладување на кризата.

Морам да ви кажам две работи заради кои што СДСМ го предлага овој заклучок:

Имено, една од главните причини за кои што сметаме дека сега не можеме да се придржуваме кон обврската за предвремени парламентарни избори е фактот дека не се донесени законите што произлегуваат од Рамковниот договор: за локална самоуправа, за финансирање на локалната самоуправа и промената на Деловникот за работа во Собранието од една страна, а дека од друга страна имаме таква безбедносна состојба, што всушност, не ни овозможува дури да имаме контрола на еден дел од територијата на РМ за којшто г. Чедо Краљевски спомна дека се работи за една третина од територијата на Република Македонија. Меѓутоа, сакам да ве потсетам зошто Собранието на РМ не успеа да се придржува до роковите од Рамковниот договор. Две Причини лежеа во основата на тоа не придржување. Едната причина беше блокадата на ова Собрание со различни видови манипулации во кои што сесрдно учествуваше и претседателот на Парламентот, кој што седниците ги одлагаше секогаш кога сметаше дека нешто се случува според него многу важно и кое што не му дозволува нормално и мирно да работи Собранието и истовремено барањата и

големиот број дискусии против тој Рамковен договор, кои што се одвиваа во рамките на овој Парламент, а кои што ја развлекоа парламентарната расправа за цели 50 или 55 дена. Тоа беше едната причина.

Втората причина беше затоа што процесот на враќањето на безбедносните сили во реоните загрозени од војната, меѓу другото, беше доведен во опасност не заради тоа што тоа не можеше да се направи сосема успешно, туку затоа што некој од Владата на ВМРО-ДПМНЕ, тука пред се мислам на министерот Љубе Бошковски, оцени дека тој всушност не мора да се придржува до планот за мирно враќање на безбедносните сили од тие краишта, туку дека со неговите наводно храбри , а во основа инфатилни, несериозни и лошо подготвени акции одеше во тие реони и предизвикуваше дополнителни екцеси и проблеми на самиот терен.

Сега се прашувам, кога овие две причини се наведуваат како главна причина за неодржувањето на парламентарните избори во Македонија, кој е тој што нас во Република Македонија ќе ни гарантира дека не до април туку ниту до следниот октомври со истиот модел на развлекување на обврските во врска со законите кои што произлегуваат од Рамковниот договор, дека ќе бидат исполнети тие услови. И кој е тој што Владата , на чие што чело во Министерството ќе биде исто така г. Љубе Бошковски ќе ни гарантира дека истите овие состојби на теренот нема да ги имаме не до октомври туку можеби и следните две години, доколку тој остане министер за Внатрешни работи.

Според тоа, причините заради кои всушност денес ние не можеме да ја донесеме одлуката за распишување на вонредните парламентарни избори лежи токму во оние кои ги создаваат тие причини во овој период, а истовремено го обвинуваат СДСМ како партиципиент во таа Влада дека им дозволил на Албанците да се вратат во Арачиново предвреме отколку што тие замислувале, правеле конвои во селата кои наводно не биле обезбедени, па ја спречувале армијата да и помогне на полицијата

тогаш кога таа мислела дека ќе ги заврши сите работи итн. Јас ги разбирам пратениците од партиите на Демократската партија на Албанците и на ПДП, можат и натаму да веруваат на овие аргументи, можат натаму да соработуваат со ВМРО-ДПМНЕ многу успешно во оваа насока и можат истовремено да се договорат во Македонија дури и да нема парламентарни избори. Тоа е нивен избор и сечиј став на сечија политичка партија ние ќе го почитуваме како проценка која на нив им носи најголем успех во остварувањето на нивната политика.

Меѓутоа, сакам да ве замолам за едно. СДСМ денес ви предлага нешто кое што сепак претставува еден вид на модел на нова политичка спогодба , а тоа е денес Собранието да донесе одлука за свое самораспуштање кое што ќе важи од 27 февруари 2002 година, како што е ставено. Со оглед на тоа што тогаш веќе имаме точно утврден датум за одржување на изборите, мислам дека сите политички партнери во ова Собрание ќе се обврзат со одредена динамика да ги извршат подготовките за тие избори и да се реализираат изборите во предвидениот рок, според она што било тогаш потпишано меѓу лидерите, односно под услови што ќе гарантираат фер и демократски избори како еден од условите за излегување од кризата.

Ви го предлагам ова затоа што сметам дека кризата во Македонија, меѓу другото, ќе може да се разреши од една страна со зголемување на довербата меѓу Македонците и Албанците, меѓутоа од друга страна со обид за зголемување на довербата меѓу политичките партии. Доколку практично оваа политика што ние ја оценуваме како еден вид влечење за нос, еден вид создавање услови што потоа ни се предочуваат како услови што не се доволни за да можат да бидат одржани такви избори, тогаш ние не сакаме да учествуваме во таквата политика, ја оценуваме за погубна и штетна за Република Македонија.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Реплика бара г. Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам господин претседателе,

Ова нема да биде реплика, туку едно појаснување, за тоа што овде бев спомнат, значи сакам уште еднаш да го повторам аргументот зошто ние нема да гласаме за самораспуштање денеска.

Не би сакал да ја омаловажувам важноста на идните избори, важноста на уште еднаш, таканаречената криза на легитимност, важноста на новата политичка карта за еден нов поттик на развојот во РМ, но исто така сакам да кажам дека таа дата 27 јануари беше временски темпирана во Рамковниот договор. Значи, ако за 30 дена се усвојат амандманите, 45 дена Законот за локална самоуправа и сите тие 8 законски проекти, по таа динамика, тогаш имаше логика и сите се согласија наредните избори да се распишат на 27 јануари. Тие беа обврска, стриктно тоа го прочитав во рамковната спогодба на овој состав на Собранието. Затоа што сите тие рокови се прекршени, развлекувани, затоа ние нема да гласаме за ова денешно самораспуштање.

Но, ако некој навистина оваа наша одлука да не гласаме денеска за самораспуштање сака да го развлече токму ова донесување на овие многу важни проекти за стекнување на довербата, тогаш, навистина, ќе бидеме пред донесување на една сериозна одлука дали ќе продолжиме да работиме во такво Собрание или таков правен поредок што навистина ќе работи против самиот себе си. Значи, ние треба навистина да дадеме шанса , да видиме дали сме сериозни и дали ќе бидеме ефикасни да ја понесеме нашата одговорност.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Сакам неколку работи да објаснам.

Овде провејува напор да се докаже, а тука директно ме прозиваат, дека јас , уставните промени предвидени со Рамковниот договор сум ги одолговлекувал со моите манипулации, вештини и не знам што итн. Во врска со тоа сакам да кажам што треба да разјасниме овде.

**СТОЈАН АНДОВ: (Продолжение)**

Во Рамковниот договор во Анексот беа содржани точни текстови на сите амандмани. И од оваа говорница беше барано да не се промени, ни точка ни запирка и бараше не да се усвојат од Собранието, туку да се зграпчат.

Не кријам и виновен сум што не мислев така. Не мислев така, мислев дека во некои од амандманите се содржат опасни шпекулации, опасни содржини, кои може да нанесат историска неправда на македонскиот народ, кој можат да ги поништат достигањата кои до сега ги имал и кои можат така вградени општото незадоволство на Македонците по националност, да го претворат во решителна сила на државата понатаму.

Поради тоа, виновен сум што прифатив да има јавна расправа, иако тоа беше и уставна обврска, виновен сум што на таа јавна расправа гледав да и се посвети што поголемо внимание, иако беше кратка, виновен сум исто така што го уважив барањето на претседателот на државата како предлагач, негово право да ги дава амандманите точно така како што сака, по редослед како што сака.

Виновен сум што сето тоа, даде време и можност и на Парламентот и на јавноста и на нашите државни раководители да ги убедат и странските фактори, дека таму има направено грешка и дека таа грешка треба да се исправи. Дојде до исправање на таа грешка, т.е. не се зграпчија амандманите така како што ни беа дадени и исто така виновен сум што поставив амандманите, така како што веќе беа исправени и сите други неисправени амандмани, да бидат гласани од сите пратеници и најмалку од потписниците и најмалку 2/3 од нашите колеги од албанско етничко потекло.

Јас зошто ова го објаснувам и зошто го правам ова. Знам оти имаше тука луѓе, пратеници и пратенички групи кои беа против тоа, кои мислеа дека е доволно да се зграпчи тоа што ни дале од Охрид. Кога видоа дека тоа не може да биде прифатено, почнаа да ја „подвиткуваат опашката" и да се прилагодуваат дека и тие биле за тоа да се помине. Потоа, кога видоа дека тоа треба да се усвои од сите и им сметаше што барам и ПДП да гласаат

најмалку 2/3. Мојот страв беше, ако ние изгласаме амандмани, а повеќето или еднакво од пратениците Албанци не гласале, ние отвораме можност да биде иста судбина како и на Преамбулата од поранешниот Устав. Можеби не сум бил во право. Но, јас тоа го направив. Јас мислам дека со тоа направив добра работа. Вие што мислите дека лоши работи направив, вие можете да покренете прашање на одговорност, може да покренете прашање на сменување итн. Тоа е што сакам да ви кажам околу задоцнувањето.

Што се однесува до тоа зошто сум предложил јас сега одлука и што тоа некој го мисли сплетка, јас сакав само да ви кажам. Две недели, 20 дена пред да ја поднесам, зборував дека ќе поднесам и интимно очекував, некои од потписниците, или некои од парафирачите да соберат храброст и да предложат. Тоа може да го предложи секој пратеник. Јас ова го предложив, за да овозможам денес да расправаме, бидејќи најдоцна утре треба да донесеме одлука, ако сакаме одлуката да биде во разумен рок со она што пишува во Рамковниот договор. Бидејќи, сите вие кои многу редовно сакате да се остварува Рамковниот договор ни со прст не мрдавте да предложите предлог одлука, јас едноставно морав да ја предложам и ја предложив. Ако сакате да ја усвоите, ќе ја усвоите, а ако не сакате да ја усвоите, не ја усвојувајте. Јас ова го направи од проста причина, што по Уставот, сепак, претседателот го претставува Собранието и што, кога веќе никој не се сети дека тоа е задача на Собранието да се самораспушти до тој датум, јас сепак треба тоа да го направам. Затоа, го направив. Ете тоа. Моето лично убедување како пратеник, како ќе гласам тоа е мое право, се разбира.

Образложението е основно што е тоа во Рамковниот договор. Инаку, морам да ви кажам мене многу ми смета блокадата на Собранието која се правеше од страна на СДСМ и ПДП порано, па и ВМРО-ВМРО. Вие се сеќавате кога требаше да донесуваме буџет, вие си седевте надвор. Вие сакавте и дневници дури да ви плаќаат и патот да ви плаќа, да дојдете, ама да не учествувате на работа. Тоа траеше два месеци. На вас го чекавме

изгласувањето на Законот за одбрана. Дури, после 13 мај кога добивте министер за одбрана, истиот закон каков што беше порано усвоен, вие го изгласавте. Дотогаш не ви чинеше, го блокиравте донесувањето и заради тие блокади ги напишав овде. Сигурно други луѓе ќе дојдат и од СДСМ овде кои така нема да прават. Да се блокира Собранието не е коректно. Намерат ми беше таа да укажам и тоа го укажав. Е, сега, има амандмани, а по амандманите после ќе се произнесам.

За збор се јави господинот Петровски Филип.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Во врска со Предлогот за распуштање на Парламентот, јас би сакал да изнесам некои свои видувања и да дадам свој став. Кога ние како собраниски состав дискутираме, првенствено мислам на дискусиите на опозицијата, на новата опозиција СДСМ, обично во нивните дискусии, се дискутира дека Рамковниот договор, прво да почекам да излезат пратениците од СДСМ (ова го зборува бидејќи пратениците од СДСМ излегуваат од салата) значи, обично во дискусиите се вели дека Рамковниот договор предвидува распуштање на Парламентот, а исто така и вие како предлагачите, го набележале тоа, треба да го имаме предвид дека е напишано во Рамковниот договор. Меѓутоа, јас би сакал да дискутираме за распуштање на Парламентот да се потсетиме како и зошто дојде до потпишување на Рамковниот договор. Кои беа потписниците на Рамковниот договор, што му претходеше како една политичка состојба, какви беа уцените, какви беа ставовите на некои политички партии и за што се застапуваа кога веќе се потпиша тој Рамковен договор. Имам некои текстови односно изјави од весници на луѓе кои што учествувале во потпишување на овој Рамковен договор. Нема многу да ве замарам со тоа што ќе читам веќе дадени изјави, оти мислам дека се тие познати на македонската јавност, како што реков, не би сакал многу да ве

враќам на некои веќе дадени изјави, но би сакал само неколку збора за некои од луѓето кои што учествуваа во потпишувањето на овој Договор, само за да имаме појасна слика каква е моменталната ситуација, за што се работи и кој на која позиција во моментов застанала.

31 март 2001 година, изворот е Дневник, изјавата на Бранко Црвенковски, претседател на СДСМ од прес-конференција. Георгиевски треба да прифати идеја за широка владина коалиција, за да ја вратиме државата во нормална состојба, а потоа да се организираат фер и демократски избори. СДСМ нема да прифати никаква промена на Уставот и со бришење на Преамбулата Албанците не добиваат ништо, бидејќи е таа декларативна и нема право на единство, туку само со таквиот чин губат Македонците. Изјавите кои се дадени во тоа време, верувајте ги има повеќе, ќе прочитам уште неколку, одат во таа насока да се создаде една атмосфера дека мора да се создаде влада на национално единство, кое што понатаму сите сме сведоци беше влада која имаше поддршка од ова Собрание и најмногу поради тоа како таква го создаде, односно учесниците на најголемите партии во таа Влада, го потпишаа Рамковниот договор во Охрид.

Во изјавите што ги дава господинот Црвенковски, кој што од пред неколку дена замина во опозиција, бидејќи биле исполнети обврските, односно нивната работа била завршена, подоцна ќе се вратам уште еднаш на тоа, изјавите во тоа време, пред да се формира таа Влада, одат во таа насока дека треба да се формира влада во која ќе учествуваат сите парламентарни партии и со две цели.

Првата е да се постигне максимално можно национално и државно единство.

Втората е да се елиминираат опасностите од извлекување на политичкиот дијалог надвор од државните институции. Јас нема да коментирам дали е ова стара, застарена изјава и нема да коментирам дали со денешниов чин односно со чинот од минатата недела, кој што денеска

можеме прв пат да го видиме на дело како Собрание, со одење во опозиција на СДСМ е постигнато максимално можно национално и државно единство. Оваа изјава е од 3 април 2001 година, изворот е Дневник, а од прес конференција на СДСМ.

Уште една изјава од тоа време, од 8 мај дека Црвенковски е свесен, ако СДСМ влезе во Владата треба да учествува во изработка на заедничка агенда со внатрешниот, но и надворешниот фактор, трет канал за албанската националност, промена на Преамбулата на Уставот, употреба на јазикот на националностите во државни институции. Тоа, добро се сеќавате колеги пратеници е амандманот пет, кој што го усвоивме, а ми се чини дека немаше ниту еден воздржан или против од другата страна на оваа парламентарна сала.

Значи, СДСМ не сака да учествува да ја споделува одговорноста во решавањето на овие прашања, пренесуваат високи партиски извори. Ова е извадено од Вест. Ако, ете, Дневник не им се допаѓа на некои, знаеме дека е Вест многу, многу поблизок до СДСМ, да не речам најблизок, па затоа ја давам оваа изјава односно ја препрочитав кратко оваа изјава, за да се има предвид т.е. да се има една слика како дојде до Рамковниот договор, односно како дојде до претходната влада.

Мое длабоко убедување е дека да не дојдеше до претходната влада, немаше да дојде до многу работи во оваа држава, како што немаше да дојде и до ваков Рамковен договор, кој што понатаму резултираше со уставни амандмани. Уставни амандмани, кои што гледаме дека не толку одамна во периодот од март до мај биле негирани од страна на новата опозициона денешна партија СДСМ. Уставни амандмани, кои што знаеме како поминаа. Уставни амандмани за кои што истиот тој партиски лидер даваше многу цврсти изјави и многу жестоко обвинуваше пред сите нас и не обвинуваше сите нас дека доколку се обидеме било каква измена да направиме во нив, ќе се биле застапници за војна и дека едноставно нема да можеме да сметаме

ниту на меѓународна поддршка и ако менуваме нешто во Уставот, односно ако менуваме нешто во предложените амандмани, нема да можеме да сметаме ниту на парламентарна поддршка од страна на СДСМ.

Овие работи ги повторувам од проста причина што сакам да немаме кратко паметење, не сакам некого премногу да напаѓам, ние како партија зачудено ја дочекавме изјавата на СДСМ дека ќе ја напушти владата и како партија низ сите наши релевантни органи разговаравме, дискутиравме, иако не ни се допаѓа однесувањето на СДСМ, ни со тоа што напушти владата, но исто така не ни се допаѓа ни однесувањето на министрите кои беа дел од Владата, а за тоа нешто подоцна. Сепак, собравме сила бидејќи не само во наводници се залагаме за македонско национално единство, не фингираме македонско национално единство, туку како партија се свесни за тежината на овој историски момент, на оваа историска перспектива во која се наоѓа Македонија. Значи, оградувајќи се и земајќи го со резерва, дали ни се допаѓа присуството или неприсуството на СДСМ во таа влада, дали сметаме дека се добри или не се добри, сепак понудивме за време на овој викенд тие да се вратат во таа влада. Зашто сметаме доколку учествуваат сите што се потписници на тој фамозен охридски договор во една влада во наредните неколку месеци, полесно ќе се остварат, полесно ќе бидат исполнети условите кои што токму во Охрид се ставени како обврска за сите големи парламентарни парти, односно за сите нас кои сме пратеници на тие партии.

Добивме арогантен одговор, кој што е впрочем и соодветен на арогантното политичко однесување, на, сега можам веќе да кажам на најголемата опозициона партија, одговор кој што е стил на таа партија, не само од кога учествуваат во ова влада, туку откако се сеќавам на македонската политичка сцена. Се рече дека не можеме да формираме нова влада, па затоа го молиме СДСМ да се врати во влада. Во старт мислам дека се направи катастрофална грешка од страна на опозицијата, која што денеска бара од нас да гласаме за распуштање на парламентот, оти со нивното

влегување и излегување од владата бил заокружен еден политички процес и дека едноставно веќе нема што да бара овој парламентарен состав. Пред се, мислам дека е катастрофалната политичка грешка во насока каде што, прво, во овој се уште значаен историски момент, во кој што работите не се смирени, територии не се вратени, бегалци не се вратени, во свои домови и се уште постои опасност од терористичка закана, првата работа која што се уништува, која што вака - така ја имаше и постоеше е кревкото македонско национално единство. Мислам дека таа катастрофална грешка, сите оние што ја следат македонската политичка сцена со интерес, дали низ призма на политичка партија или низ призма на обичен политички гласач или заинтересиран за живеачка во ова македонско општество, ќе знаат да ја запаметат. Од друга страна мислам дека катастрофалната грешка на СДСМ е што смета дека без нив не може да има влада, оти таа ароганција, веројатно, го заматува објективниот политички разум и ги доведува бројките во прашање кои што се многу јасни. Сепак, СДСМ нема 45 пратеници, туку има 27 пратеници. Без разлика на јасната политичка опструкција која сакаат да ја направат, со една проста и единствена намера да се предизвикаат по секоја цена парламентарни избори, морам да кажам дека постојат партии, меѓу кои и ВМРО-ДПМНЕ кој што се спремни и ќе формираат нова влада, но не за да се спротивстават на СДСМ во нивните деструкции, во нивните намери, се што им се наоѓа и што им пречи на патот на остварување на сопствената идеологија и замисла, да ги спречат.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ: (Продолжение)

Реков неколку пати ќе повторам уште еднаш. Постои опасност од терористичка закана, претстои реинтегрирање на македонските територии и претстои враќање на македонските бегалци.

Јас имам подготвено доста интересни изјави во врска со, да речеме референдумот.

Сите ние се сеќаваме, се уште ни е свежо во нашето памтење, каков беше ставот на СДСМ во врска со референдумот. Да се потсетиме дека во врска со референдумот СДСМ се закануваше дека ќе излезе од власта од проста причина што референдум не може да се одржи или ќе се предизвика војна. Јас прашав и кога дискутирав на таа седница за референдумот, а бев за одржување на референдумот и мислам дека е пропуштена историска можност за изјаснување на македонскиот народ на тој референдум, Како ќе се одржат парламентарни избори, ако не може да се одржи референдум. Аргументацијата беше дека референдум во вакви услови, во оваа држава не може да се одржи. Јас денес сакам да ја проширам таа аргументација во следниот правец. Сакам да прашам, еве и да се согласиме за предвремени избори, јас немам ништо против за предвремени избори, меѓутоа сакам да ја погледнам политичката ситуација. Сакам да прашам како ќе гласаат луѓето кои живеат три месеци пред Собрание. Ќе им однесеме ли изборни кутии, избирачки комисии пред Собранието, кај шаторите? Дали ќе се организираат избори во студентските домови каде живеат обединетите Македонци од етнички исчистените територии во Тетово. Дали за време на тие избори кои сакаме предвремено да ги организираме, бидејќи реално е дека постојат и минофрлачи и пушкомитралези и ровови и мински полиња во некои одредени територии на Македонија, дали таму ќе испратиме набљудувачи на ОБСЕ и на ЕУ да ги изведат изборите. Тоа се дилеми кои не можат да ги гледам низ политичка призма, како пратеник на ВМРОО-ДПМНЕ, туку ги гледам како жител на оваа држава и се прашувам дали оваа држава може да обезбеди територијален интегритет, како што тоа толку

пластичко го пишуваше во тој фамозен Рамковен договор, во кој се вели дека е сочувана унитарноста на оваа држава, или ние сме подготвени, напротив, да прифатиме состојба во која сакаме по секоја цена да имаме предвремени избори на 27 јануари, или април, сеедно е, да си ги оствариме сопствените тесно партиски интереси, без разлика што не можеме да испратиме, од оваа перспектива гледано, избирачка комисија во Теарце, или во Липково, или во Матејче и во многу други македонски села или други населени области. Тоа се прашања кои се поставуваат пред мене, бидејќи јас морам да излезам пред овој Парламент, односно морам да донесам одлука како пратеник кој е одговорен пред македонскиот народ и да гласам за или против. Кога некој ме убедува, кога некој ми дава предлог, кога некој изнесува аргументација, не е доволно да се каже дека е завршена работата и дека, сега немаме друга работа како Парламент и треба да одиме на предвремени избори затоа што тоа така било напишано во тој фамозен Рамковен договор. Затоа се обидов во мојата дискусија да се запрашам како дојде до тој Рамковен договор. Ви кажувам дека до тој Рамковен договор дојде по пат на уцена, на присила, на закана и дојде затоа што се постигна една влада на т.н. македонско национално единство што од денешна перспектива гледам дека не била влада на македонско национално единство, или државно единство или спас на државата како што некој ја нарекува, туку тоа било влада на тесни политички интереси, обвиткани во една обланда која сме сакале да ја понудиме привремено пред нашите граѓани и обланда која, нормално, како секоја друга обланда мора да се симне, мора да паднат маските. Денес се покажува дека намерата не била таква. Намерата била да се влезе, да се наруши една состојба на каква таква рамнотежа, на каква таква идеологија, на каква таква ориентација или визија, да се влезе, да се постигне притисок однатре, по мое длабоко убедување да се верифицира предавство и да се постигне една единствена цел, да се дојде до предвремени избори.

Денес, гледано од денешна перспектива маските паднаа затоа што мислам дека имаме една аргументација која вели дека работата во Македонија не е завршена, дека многу проблеми се уште стојат. Со тоа не велам дека оваа страна била идеална во своите настапи, дека немало грешки на сите страни, меѓутоа една аргументација која оди во тој правец дека единствен можен и значаен интерес се предвремените избори. Тука ќе застанам во врска со Рамковниот договор и ќе кажам, повторно не ми е тешко да го повторам, сметам дека беше добро да се врати СДСМ во Владата, беше добро да ја признае својата грешка, бидејќи СДСМ не е идеален, како што и другите партии не се идеални. Беше добро да сфатат дека Рамковниот договор не предвидува само промена на Уставот и распуштање на Парламентот, туку предвидува, тоа што е најбитно од се, тоа што го повторив повеќе пати, едно македонско национално единство и еден заеднички напор да се контролира државата по секоја цена, а не предвремени избори кои ќе бидат направени по секоја цена, напротив, избори кои ќе треба да ни ги организираат други и кои ќе верифицираат дека навистина тие територии не се под наша контрола. Навистина, ние имаме проблеми со привремено окупирани територии. Но, ако во една таква ситуација се направат избори тоа ќе биде верификација на тие привремено окупирани територии, дека не се под наша надлежност и мислам дека ќе помине долго време, ако не и никогаш дека нема да се вратат под наша надлежност. Затоа мислам, не одбивајќи да дискутирам за предвремени избори, треба повторно да ги разгледаме сите аспекти, што може да се случи со распуштањето на Парламентот и што може да се случи со верификација на една ваква состојба, со тоа што ќе одиме на предвремени избори.

Јас ќе си дозволам уште малку да анализирам и да изнесам уште неколку изјави за да ја видиме сега перспективата од внатре, на таа влада која што ја имавме како, ако сакате и феномен, до пред една недела, влада на експеримент, влада на притисок, влада која немаше опозиција во ова Собрание. Освен тоа што имаше меѓународен притисок за таа влада, имаше притисок од

СДСМ. Прочитав некои изјави, мислам дека се релевантни затоа што доаѓаат од претседателот на таа партија. Тие изјави јасно покажуваат форма на притисок, на уцена, да се влезе во таа влада. Ја формиравме таа влада, влезе СДСМ, рековме дека ќе се справуваме со кризата. Напротив, единствено нешто што направи таа влада, од аспект на кризата, беше дека го промени Уставот односно како партиски лидери четворицата потписници од Охрид, со најголем број пратеници во ова Собрание овозможија да се промени Уставот. Но, да бидам до крај прецизен.

Ако сега го погледнеме тврдењето дека работата била завршена, единствен заклучок што може да произлезе од тоа, дека работата била завршена е дека СДСМ влезе во Владата за да го промени Уставот, бидејќи јас не гледам ниедна друга работа дека е завршена. Освен што ниедна друга работа не е завршена, многу процеси во оваа држава се блокирани, многу процеси ретроградно се вратени station наназад, многу работи се сомнителни од денешна перспектива.

Таа влада беше формирана на 13 мај. На 14 мај, изворот е Нова Македонија, кој сака да го консултира, вели „по навлегувањето на единиците на АРМ во претходно окупираните села Слупчане и Ваксинце, војската се повлекува".

На 16 мај, тогашниот министер за одбрана изјавува "ќе сториме се за да го вратиме рејтингот на овој важен ресор, треба да им го отстапиме местото на професионалци". Внимавајте на тоа професионалци, ќе видите зошто.

На 31 мај истиот министер вели „македонските воени сили извојуваа воена победа против албанските терористи. Сега е најважно да се премине на преговори за изнаоѓање на политичко решение".

Седми јуни, откако ни загинаа пет припадници на АРМ, за кои не сакам ни најмалку да му ја префрлам вината на министерот за одбрана, но сакам да потсетам на неговата изјава пред да стане министер за одбрана кој рече "и еден

војник ако му загине на претседателот Трајковски тој треба веднаш да си поднесе оставка".

На 7 јуни министерот еве каква изјава дава „болката и тагата не треба да ни го поматат умот, треба да ја сочуваме присебноста и треба да смогнеме сили, да почнеме политичка, воена и дипломатска офанзива. Во моментот не е најважно да летаат нечии глави". Мислам како да станува збор како за министер за култура, не како за министер за одбрана.

На 13 јуни, изјава на министерот за одбрана „наредба за стопирање на акциите на АРМ во кризниот Кумановско - Липковски регион. Сето тоа е знак на добра волја".

На 18 јуни, стопирана мобилизација на резервниот состав на АРМ.

На 19 јуни е разрешен началник на подрачна единица на Министерство за одбрана, Димитар Црномаров и именуван Слободан Новачевски. Веројатно тоа е она што го најавува министерот од 16 мај дека ќе се отстапат местата на професионалци, со полн кредибилитет.

На 25 јуни најава за она што го говорам денес, губење на желбата да се контролира по секоја цена, сам својата територија. „Присуство на мировници во Република Македонија не значи дека АРМ е немоќна да се спротивстави на терористите", изјава извор „Вечер".

На 5 јули оставка на портпаролот на министерството за одбрана Ѓорѓи Трендафилов. Надлежните велат дека таквото место не е предвидено со нова систематизација. Извор „Дневник". Значи не се извор само владините медиуми. Тоа се извори извадени селективно од сите весници и тие што го поддржуваат СДСМ и тие што условно ја поддржуваат Владата.

На 18 јули 2001 година, предавство и намалување на раководители на подрачни единици во Министерството за одбрана, од Гевгелија во Кавадарци, од Делчево во Пробиштип, од Пробиштип во Кратово, од Виница во Делчево, од Струмица во Валандово и тоа токму на началниците за одбрана кои покажале највисок степен на одѕив на резервисти.

На 7 август седница на Советот за национална безбедност, расчистување на недоразбирањата меѓу Бучковски и Трајковски кои произлегоа од указот на претседателот за расчистување на патот Тетово - Јажинце, или спроведување на истиот од Министерството за одбрана.

Овие работи, ако бидете трпеливи ќе ви кажам зошто ги читам.

На 7 август Министерството за одбрана ги демантира информациите дека во Генералштабот е примен указот врховен командант, со кој се бара активно дејство на безбедносните сили, вклучувајќи ја и армијата за ослободување на патот Тетово - Јажинце. Министерството оценува, иако тоа не е негова работа дека најавите во дел од медиумите за преземање на воени дејствија во тетовско, одат во прилог на минирање на политичкиот дијалог за кој е постигнат значителен напредок. Министерството за одбрана е задолжено да ја брани и да ја контролира територијата на државата, оценува дека политичкиот дијалог постигна значителен напредок.

На 8 август „наредбата на врховниот командант за ослободување на патот Тетово - Јажинце е без предметно". Оцена од министерот за претседателот на државата затоа што операцијата била провалена од медиумите, извор „Дневник".

На 10 август "овој момент и објавуваме уште пожестока и порешителна борба за враќање на мирот и спокојството во Република Македонија, на сите кои се плашат од мирот и кои единствено успеваат во хаосот што го создаваат. Големата трагедија нека биде почеток на крајот на војната". Ова е после загинувањето на 10-те припадници на АРМ на патот Скопје - Тетово, во кои исто така тројца беа и ранети.

„Овие судбоносни моменти кога тагата и болката ни го кршат срцето и душата и ни ја полнат со гнев, не треба да го изгубиме разумот и да донесеме одлука под влијание на емоциите. Да му дадеме уште една шанса на мирот". Колку поетски зборови. Како да е министер за култура.

22 август 2001 година „за минирање на манастирот во Лешок од страна гледано би можело да се најде разбирање, ако се има предвид дека тоа е можеби е реакција на гранатирањето на џамијата во Непроштено". Владо Бучковски, министер за одбрана, обраќање на седница на Владата, извор "Нова Македонија".

13 септември, „Министерството за одбрана оценува дека операцијата за разоружување на терористите се одразува позитивно врз состојбата во кризниот регион".

Ова само кратко информирање во врска со нашата намера за распуштање на овој Парламент и како оправдување, анализа, размислување.

(Од место се уфрла пратеникот Лазар Китановски).

Ве молам колега дозволете, имате можност да реплицирате. Ние денес дискутираме за тоа дали треба да се распушти овој Парламент и дали се исполнети условите за тоа. За да бидат исполнети условите за распуштање на Парламентот, го разгледувам Рамковниот договор и го разгледувам Рамковниот договор од позиција на една партија која што го потпиша, која презема одговорности, бидејќи изгледа не сум јасен што зборувам, за исполнување на тој договор, денес, од денешна позиција тврди дека сите одговорности, услови и намери за што е потпишан овој договор се исполнети. Затоа јас овие работи ги читам. Немој да бидете бесни, затоа што сите овие изјави и вие ги знаете. Тоа се изјави на ваш министер. На ваш стручњак. Ќе ви кажам зошто ги читам кога ќе завршам со нив.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам не разговарајте едни со други, обраќајте се на Парламентот.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Значи, Министерството за одбрана оценува дека операцијата за разоружување на терористите се одразува позитивно во кризниот регион.

13 септември 2001 година, „Утрински весник", „Нашите безбедносни сили ќе се вратат на позициите од пред 25 февруари, значи од пред почетокот на кризата, бидејќи ако се вратиме на позициите од 5 јули ќе треба да признаеме дека имаме окупирани територии", Владо Бучковски, министер за одбрана, изјава по седница на Советот за безбедност, извор „Нова Македонија".

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ: (продолжение)

Сега ќе ви кажам зошто ги прочитав овие изјави. Многу ми е жал што немавте трпение , што исто така е составен дел од парламентарната пракса , нема да кажам култура, ги прочитам овие изјави затоа што се обидов да анализирам и да ја разберам потребата на СДСМ да излезе од оваа Влада и да предизвикува предвремени парламентарни избори, по секоја цена.

Мислам дека сфативте дека ни пративте во Владата некомпетентни, арогантни и самозаљубени министри и, како општ одговор на тоа прашање што беше испратено како дофрлување сега од место, сакам да кажам дека , ако знаете дека тие членови на Владата на СДСМ и вие сфативте дека нивната некомпетентност, самозаљубеност, арогантност, за вас носат негативни поени и кога ви рековме да се вратите во Владата, не сметавме дека ќе ги вратите истите министри. Оти има тука, според мое убедуваше, зборувам најмногу за министерот за одбрана, оти тоа прашање е многу поврзано со Рамковниот договор и со целата ситуација околу Владата и околу предвремените избори, има СДСМ компетентни луѓе кои биле министри за одбрана. Еве, тука го гледам Г. Лазе Китановски, Благој Ханџиски. Се поставува прашаше на кое што и денеска не можеме да си одговориме. Претпоставувам дека ќе биде доволна провокација вие да ни одговорите зошто не ставивте во таа Влада за национално единство или за спас на државата луѓе стручњаци, луѓе кои ја знаат работата, туку ставивте една тотално некомпетентна личност која своето незнаење и своето неискуство се обидуваше да го замени со арогантност, самозаљубеност и попустливост спрема оние кои вршеа притисок и оние кои кинеа парчиња од Македонската територија и чистеа Македонски села од Македонци. Значи мислам дека...

СТОЈАН АНДОВ:

Подобро е да се концентрираме на одлуката.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Да, да јас сум на прашањето за распуштање на Парламентот. И тоа повеќе пати го зборувам дека распуштањето на Парламентот е поврзано со претходната Влада и со потпишувањето на договорот од таа Влада. Оти, има ли некој кој не се согласува од овие пратеници тука со тој договор? Има.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако некого сме разрешиле нема зошто сега да биде предмет на расправа.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Г. претседателе, дозволете моите ставови да ги изнесам, мислам дека се поврзани со распуштањето на Парламентот.

Значи, да се вратам на тоа што сметам дека е релевантно за оваа дискусија.

Од денешна перспектива кога СДСМ потврди дека нема да се врати во оваа Влада и кога смета дека нема да може да се направи нова влада и дека со тоа ќе предизвика криза во Парламентот и со сигурност предвремени избори , јас ќе го кажам следново, ќе потсетам на неколку мои дискусии кога велев дека е добро да ја напуштат Владата, а денеска ќе кажам дека е добро што беа во Владата и што си го покажаа вистинското лице со своето настапување во Владата. Значи, наведов изјави, едноставно кажав што мислев за министрите. Ќе спомнам само некои пари кои што биле дадени без банкарски гаранции во Министерството за одбрана. Блокирањето на Армијата ќе го спомнам и за воспоставувањето на патот Тетово - Јажинце, меѓутоа и на сите фронтови,. Пак ќе спомнам дека беше сопрена мобилизацијата и многу други работи за кои што од перспектива на заедничка Влада можеме да носиме заедничка одговорност, но од перспектива на опозиција треба да ги слушнете нашите аргументи.

Исто така ќе го спомнеме Арачиново. Да не спомнувам за господинот Илија Филиповски што с§ правеше за бегалците Албанци, а што направ за бегалците Македонци? Некои пилот-планови, пилот-летачи и не знам што се не. Во таа насока ароганцијата продолжува во насока на тоа дека СДСМ на сакале да бидат бебиситерки и дека, едноставно, треба да одат надвор од Владата. Јас ќе кажам дека , според мене, повторувам е добро што се покажува вистинското лице. Се надевам дека тие што се заинтересирани за тоа Што се случува во оваа собраниска сала ќе знаат да ги препознаат вистинските мотиви и, едноставно ќе знаат да ја почувствуваат разликата на настапите на најголемата опозициона партија, разликите во врска со настапите поврзани со уставните амандмани и нивните дискусии или пак настапите поврзани со Законот за земјоделие, Фондот за земјоделие.

Минатата недела видовме една многу голема заинтересираност, една живост, враќање во живот, можам да кажам дефинитивно, можам и да честитам и за моќта на говорот. Три месеци се молчеше. И, ако во тие три месеци единствената причина била да се смени Уставот и потоа да се предизвикаат или да се предизвикуваат по секоја цена парламентарни избори, тогаш мислам дека е неприфатливо. Мислам дека станува збор за едно политичко лицемерие што јасно ќе знаат да го оценат и пратениците и другите партии, но и оние кои се надвор од Парламентот и дека, едноставно, според мене, сметам дека прво треба да се исполнат други услови додека да се распишат предвремени избори пред се иако слушнавме дека во Израел имало војна 20-30 години, не знам во кои држави, па имало избори.

Мислам дека пред се од аспект на македонскиот национален интерес, од аспект на зачувување на територијата, пред се мора да се реинтегрира територијата и да се вратат бегалците за да видиме каде

ќе живеат и дали ќе можат да гласаат, каде да гласаат, за да може да се пристапи кон предвремени избори. Уште еднаш ќе кажам, немам ништо против предвремени избори. Дури мислам дека треба на ваквото настапување на големата опозициона партија да и се одговори со предвремени избори, оти сум убеден дека нема добро да поминат на тие предвремени избори. Согласно на тоа, согласно на амандманот што е поднесен, согласно на тоа како ќе биде изграден ставот во понатамошната дискусија и од другите говорници и од нашата партија, какви ќе бидат настапите на наредните дискутанти, согласно тоа како ќе се дискутира во врска со амандманот што е поднесен, говорејќи уште еднаш дека немам ништо против предвремени избори но ако се исполнат некои услови, таков ќе биде и мојот глас кој, во принцип со ваква аргументација дека проблемите се разрешени, ајде сега да одиме на предвремени избори, е за мене неприфатлив. Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор Г. Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, присуствуваме на уште еден чин каде што се манифестира Македонското национално неединство. Уште на почетокот на моето искажување сакам да укажам дека бев силен агитатор и поборник да се направи Влада на Македонско национално единство што ќе даде силен отпор на од надвор подготвената терористичка агресија над македонската суверена држава. Како дете искрено се радував кога двете најголеми македонски партии што го сочинуваат поголемиот дел од Македонското население ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, целта беше единствена да се одбрани суверената македонска држава на која странски агентури и интереси , искористувајќи албански терористички банди од Косово и наива, како и екстремна албанска популација во Македонија предизвикаа агресија и терор над македонската земја и народ.

Но, наместо македонско единство што ќе има единствена цел да се одбрани македонската држава, се создаде трагично неединство помеѓу ресорните министерства за одбрана и внатрешни работи предводени едното од СДС а другото од ВМРО-ДПМНЕ. Што проклетија ни влезе на нас Македонците та едни да одат против другите и да се исчистиме меѓу себе. Согледувајќи го македонското национално неединство, странските агентури, искористувајќи ги албанските терористички банди, преку кои си ги полнеа своите џебови продавајќи скапо убиствено оружје, нанесоа тешко зло над македонскиот народ и нејзиното албанско население во Македонија. Македонското население од западниот дел на Македонија присилно го раселија, а оние кои дадоа отпор ги убиваа, измачуваа и понижуваа. А пак над чесното албанско население, присилно го принудуваа да војува против своите соседи и Македонци или во спротивно им се закануваа и ги тераа да платат огромни суми пари за да ангажираат платеници што ќе се борат против нив како муџахедини и други убијци.

На крајот, за да се оправда од странските агентури и албанските терористички банди, како и замешаните албански лоби групи во валканата војна во Македонија, се наметна под притисок потпишувањето на Рамковниот договор во Охрид во кој се дава, покрај максимум граѓански права на албанската популација во Македонија, што не е лошо, но се посегнува и по суверенитетот на македонскиот народ по својата единствена држава во светот - Македонија, бришејќи го македонскиот народ како суверен во својата земја, како и неговата традиција, сочувана преку Македонската православна црква, изедначувајќи ја останатите верски заедници во Македонија.

При потпишувањето на Рамковниот договор во Охрид што беше направен под силен притисок на странскиот фактор, повторно дојде до израз македонското национално неединство. Наместо двете најголеми

Македонски партии ВМРО-ДПМНЕ и СДС да дадат заеднички отпор околу бришењето во преамбулата на Македонскиот народ и изедначувањето на МПЦ со другите верски заедници во Македонија, СДС тоа без проблеми го прифати и ВМРО-ДПМНЕ, оставена осамена и вклештена како единствена што го кочи потпишувањето на злогласниот Рамковен договор и во грчевити услови и таа го потпишува,

Потпишаниот договор, почитувани дами и господа сведоци сме кога дојде во Собранието преточен во амандмани за промена на Уставот. Целата Македонска јавност знае какви силни усилби направија пратениците на ВМРО-ДПМНЕ  да се поврати суверенитетот на македонскиот народ во Уставот како и дистинкцијата на МПЦ во однос на другите верски заедници во Македонија, а се уште се свежи сеќавањата на изјавите на лидерот на СДС и неговите пратеници дека ни запирка нема да прифатат во промената на Рамковниот договор. Но, ете ...

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, за одлуката.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Но ете , упорноста и со духот на мојата партија успеа да ја побрати референцата македонски народ во преамбулата и да се направи дистинкција помеѓу МПЦ и другите во Македонија. Но, тоа заврши и завршија Уставните промени, но ете терористичките воени дејствија продолжуваат, а раселените Македонски граѓани не се вратени во своите огништа. Во Македонија се уште далеку е мирот, а втората по големина македонска партија СДС ја подвитка опашката и ете , срамно, поради ситни партиски интереси бега од Владата, оставајќи го македонскиот народ во најтешките мигови од својата историја сам, предводен од историското ВМРО трансформирано во ВМРО-ДПМНЕ да го извлече својот народ од злото што по негова вина се надвисна над Македонската земја.

Но, историското ВМРО ако можело да се спротивстави на моќната Отоманска империја, сегашното ВМРО-ДПМНЕ што е негово продолжение ќе се справи и со албанските терористи...

СТОЈАН АНДОВ:

Г. Георгиевски  сепак да се концентрираме на ова што расправаме сега.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

... на патриотскиот македонски народ... и популацијата на Македонија.

Почитувани дами и господа,

Во услови кога една третина од Македонската држава е окупирана од албанските терористи, кога огромен број македонско население е раселено и кога воените дејствија во континуитет продолжуваат во тетовскиот и кумановско-липковскиот крај барањето за распишување избор е бесмислено и крајно штетно за Македонската држава и народ. Во такви услови единствено паметно е втората по големина партија во Македонија СДС која инсистира уште веднаш да се распишат парламентарни избори, да го повлечат своето барање, да се врати во состав на Владата, и заеднички да се бори за изнаоѓање решенија за  стабилизираше на државата, а потоа да се зафатат за подготвување на фер и  демократски парламентарни избори. А, со тоа и стабилизирање на државата. Секое друго решение е штетно за Македонскиот народ и држава и води кон нејзино упропастување.

Уште еднаш повикувам на македонско национално единство кое е неопходно во овие исклучително тешки и судбоносни мигови за македонската држава и народ.

На крајот Бог нека ги казни предавниците, а да ги благослови добронамерните.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

За реплика се јави г. Биљал Љутвии.

БИЉАЛ ЉУТВИИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Апсолутно немав намера ниту да дискутирам ни да реплицирам но се наметнува како дискусија и како реплика. Можам да ги сфатам сите дека во секое време може да се направи политички маркетинг. Но да се трпи еден писател кој доликува како член на Српската академија на писателите, па обидувајќи се да обвини една политичка партија овде во ова Собрание и за една популација, албанската популација да каже наивна и екстремна, ова недозволено и морам да реагирам. Уште еднаш укажувам да не употребува такви термини, оти апсолутно не држи и нема потреба да го брани, бидејќи корените на албанската популација не се од вчера. Тоа може да се види од фактот што ниту во Програмата на МТВ, втората програма на албански јазик ниту има некоја програма за развивање на албанското чувство дека таа постои и ќе постои.

Уште нешто друго, често пати сум сакал, но сум избегнувал да правам политички маркетинг. Апсолутно јас сум убеден дека и вие сте свесни за фактот употребувајќи го терминот тероризам не само што н§ иритирате нас овде во Собранието, туку ги иритирате верувам и сите заблудени чеда и децата во детските одморалишта, во детските градинки. Ова го велам од причини што каде има во светот терористи со униформи по линија на фронтот, со соопштение за јавноста, со политички претставник кој ќе договара меѓу НАТО и претседателот на Републиката и кои веќе не постојат. Зошто уште упорно ги употребувате таквите термини , а ако сакате да се впуштиме во такви игри , тогаш да ја ставиме на дневен ред безбедносната политичка состој ба во Републикава во изминативе шест месеци па тогаш ќе го наброиме сето тоа што е направено од страна на УЧК и од страна на Министерството за внатрешни работи и за одбрана.

СТОЈАН АНЛОВ:

г.Зибери.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Јас имав намера да реплицирам на изнесеното од страна на претседателот на Собранието кој во форма на одговор на изнесени становишта на еден пратеник изнесе и многу работи за кој не дека не се согласувам, туку засегнуваат во партиските ставови и ставовите на пратеничката група на ПДП.

Меѓутоа г. Андов вешто ја одбегна ситуацијата јас да можам да му реплицирам и му даде збор на следниот пријавен и ја напушти седницата, оставајќи го г. Стојановски да го замени. И затоа може би сега репликата нема да биде ефективна бидејќи изнесените од г. Андов беа пред саат време и сега ова во форма на одговор на неговото изнесено нема да биде актуелно, но како и да е должен сум сепак заради вистината и заради јавноста да го изнесам следното дека апсолутно не може да се оправдува повеќе од еден месец закаснувањето на спроведувањето на првиот дел од Рамковниот договор и како последица на тоа ние денеска сме ставени пред овој цајтнот кога немаме можности и услови да расправаме во објективна и релаксирана ситуација за распишување на нови избори односно распуштање на Собранието. А тоа беше единствено направено од ваша страна како претседател на Собранието, притоа злоупотребувајќи ги надлежностите и позицијата која ја имате и измислувајќи услови и, претексти за да не се свикува седница или да се одложува седница.

И конечно вашите неуставни, незаконски постапки затоа како треба да се донесе Уставот кои вие очигледно ги сметате како ваша голема придобивка и лична сатисфакција, дека наводно сте не ставиле во ситуација нас како ПДП да гласаме и со тоа сте ја симнале евентуалната опасност од повторување на ситуацијата од 1991 година, но за жал ќе ве разочарам г. Андов, дека тоа не е никаква ваша заслуга и тоа нема воопшто да го промени ставот на политичката партија на која ние припаѓаме

дека последните измени во рамковниот договор не само што се неприфатливи туку и перманентно ќе бидат камен на сопнување во политичките ставови и изнесувањето на она што претставува Уставот на РМ поготово во однос на нашите гледиште на тоа која е положбата на Албанците во РМ. Затоа не сметам дека одлагањето и сето ова што се случува е направено со некоја соодветна валоризација на ставовите и напорите вие да излезете од оваа ситуација, напротив не ставивте во еден временски теснец, сега која ситуацијата може да биде далеку покомплицирана и со далеку поголеми последици отколку Рамковниот договор да се спроведуваше благовремено и сега ќе имавме навистина сосема нормална ситуација ние да го распуштиме Собранието и да закажеме предвремени избори согласно политичкиот договор при формирање на новата влада доколку ви пречи да го спомнам и цитирам Рамковниот договор зашто таа одредба и таа определба беше преземена од протоколот потпишан меѓу четирите лидери на политичките партии за составување на широката коалиција. И конечно доколку вие бевте искрени во тоа што го тврдите дека кога не видовте дека ниту еден од учесниците на Рамковниот договор не покренува иницијатива за да се распушти Собранието и

се закажат предвремени избори вие сте тогаш како надлежен по Уставот преземале активности да закажете седница на која ќе се стави на дневен ред ова прашање но притоа заборавате дека веднаш после тоа се изјаснувате дека вие сами ќе гласате против.

Но, добро, тоа е што е, само имав намера да го изнесам ставот дека не ви се успешни обидите да го прикажете Уставот како еден акт околу кого е постигнат еден општ консензус и околу кој сите политички партии во Република Македонија и заедници стојат зад истиот и дека тој ќе претставува некој интегративен фактор.

СТОЈАН АНДОВ:

Ова беше реплика.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Да.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас не знам кој што мисли и што чува во главата, само за мене е факт гласањето. И тоа е доволно. За амандманите гласавте сите.

Господинот Зибери уште еднаш.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Да, гласањето воопшто не го апсорбира моето политичко убедување и мојот политички став дека тие прашања се штетни и несе прифатливи.

СТОЈАН АНДОВ:

г.Зибери, знаете што е, што човек си има во срце и глава, негова работа е. Главно е како гласате во парламентот така е. Надвор од парламентот е нешто друго. Во парламентот е така. Имаме сега изгласани амандмани, скоро со консензус, подржани се од сите и преамбулата е поддржана од 94 пратеници, од кои 21 од албанско етничко потекло,(од место нема 21). 20, 21 беа на она на електронското гласање, а потоа 1 помалку во поименичното гласање. И ништо лошо не гледам, јас мислам оти тоа расчисти една голема дилема и опасност. И готово. Тоа е. Молам.

Госпоѓа Шекеринска.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Господине претседателе, јас сепак би се вратила на темата од која што по се изгледа голем дел од пратениците сакаат да избегаат со теми, или со дискусии кои што апсолутно немаат врска со ова што денес го дискутираме.

Денешната одлука која што ја дискутираме, што директно во темата што надвор од неа е тема која што неколку пати е отворана во македонската политичка јавност и според многу луѓе претставува одраз на една сериозна политичка или уставна фалинка според која што Собранието може да се распушти само под своја иницијатива и со сопствена одлука

Тоа покажува дека во ваков случај или кога има потреба да се донесе ваква одлука Собранието или неговите членови веднаш доаѓаат во позиција на конфликт на интереси. Од една страна да се гласа за она што се смета дека ќе биде интерес на државата, а од друга страна се гласа и со тоа да се загрозат своите позиции кои што се дискутираат и од страна на јавноста.

Досега беше видливо дека овој конфликт на интереси станува доминантен во одлучувањето на голем број на колеги и дека практично по ова прашање се рушат бариерите кои што постојат помеѓу различни политички партии, помеѓу различни политички опции, различни пратенички групи и сл. Мислам дека со дискусијата која што започна пред неколку недели не само во ова Собрание, туку и во македонската јавност го покажавме повторно истото правило, а тоа е дека и покрај нашите партиски сериозни конфронтации во изминатиот период, покрај нашите сериозни политички разидувања и разлики во изминативе неколку години дека има неколку прашања кои што предизвикуваат консензус речиси кај сите политички партии и речиси кај сите пратеници. Тука влијание немаше дали некоја партија е голема или мала, дали некоја пратеничка група е бројна

или не, немаше дури ни влијание дали некоја политичка партија и пратеничка група и припаѓа на парламентарното мнозинство или не, се на се голем дел од пратениците се најдоа понесени од овој т.н. консензус, а тоа е дека присуството наше, поединечно, и лично во ова Собрание е императив и дека тој императив мора да се зачува по секоја цена.

Колегите кои ги следат медиумите, колегите кои ги следат анкетите и структурирањата на јавното мислење можат да забележат во подолг период не само последнава година, практично во континуитет во изминативе две години, дека мислењата на јавноста се речиси неподелени, а тоа е дека ова Собрание не ги задоволува нивните очекувања, не ги задоволи нивните барања, не ја понесе одговорноста дека ова Собрание треба да се самораспушти и дека предвремените парламентарни избори се можеби единствена варијанта која што може да и гарантира на оваа држава колку толку постабилна иднина.

Од една страна критиката на јавноста беше апсолутно оправдана. Од една страна критиката на јавноста беше доминантна во македонската јавност, но од друга страна нашиот став остана по тоа прашање непроменет. Имено, сите во нашите говори дискутираме за тоа дека Собранието не е ефикасно, сите дискутираме дека ова Собрание не одговори на задачите кои што му беа поставени и сите речиси по правило, особено оние кои што досега зборуваа ќе гласат против негово распуштање. Велиме Собранието претставуваше дури и фактор на влошување на ситуацијата во Република Македонија, Собранието со својата неодговорна политика и одлука допринесе до оваа ситуација во која што се наоѓа Македонија, но сепак Собранието е неприкосновено и ние сепак ќе гласаме тоа и понатаму да продолжи да функционира.

Оние кои што ги знаат работите во Собранието, најголемиот дел од јавноста може само да насетува и да си претпоставува кои се причините за ваквиот наш став. Воглавно причините се лични и партиски. Факт

е дека со тоа доаѓаат не само одредениот статус, туку и одредени привилегии кои што произлегуваат од овој статус. Факт е дека тој статус голем дел од пратениците очекуваат дека ќе го вршат непрекинато во текот на овие четири години. Факт е дека  најголем дел од пратениците овде се свесни дека доколку одат на избори тој статус нема да можат да го зачуваат. И точно е дека овој конфликт на интереси апсолутно го парализира ова Собрание. Од една страна никој не е задоволен од нашата работа, а од друг страна сите се задоволни од тоа дека се тие дел од таа работа, дека се тие дел од ова Собрание. Наместо јавноста и ваквото анализираше или ваквото гледање на Собранието да ни е притисок па да се обидеме барем по објективно да ја согледаме нашата работа и нашата улога во целата оваа ситуација мислам дека консензусот веќе беше направен од страна на најголемиот дел од пратенички групи кои што функционираат во ова Собрание. Консензусот може да се сублимира со зборовите дека ниту не сака да оди на избори.

Од друга страна, јавноста можеби можеше да насети од голем дел на изјави кои што беа дадени во изминатиот период дека клучната причина поради која тоа се вели е да се зачуваат тие привилегии, тие позиции кои што сега ги уживаме. Дури во собраниските кулоари, мораме да признаеме колеги, беше присутно следното размислување.

Единствен начин да се натераат некои пратеници да гласаат за предвремени парламентарни избори без разлика на датумот ќе биде да се изгласа оној фамозен закон за пратеници или закон за заштита на угледот, делото и привилегиите на пратениците. Тоа веќе се зборуваше отворено дури и на некои комисиски седници. Се зборуваше дека само ако овие пратеници кои денес ги уживаат тие привилегии се посигурни дека ќе имаат барем еден мал дел од тие привилегии, ќе ги зачуваат за наредниот период и дека само во тој случај нивниот глас „за“ можеме да го гарантираме. Заради тоа, би сакала да го кажам мојот личен став.

Денес зборуваме за многу крупни и големи нешта за да ги скриеме нашите ситни, релативно тесни интереси заради тоа што е факт дека никој не можеше да очекува дека некоја пратеничка група или некој пратеник ќе излезе и ќе каже на говорница да, јас не сум за предвремени парламентарни избори заради тоа што тоа е, минимум шест месеци помалку од статусот кој што можам да си го одржувам барем до наредниот октомври. Заради тоа бегое потребно од самиот почеток да се дезавуира потребата од предвремени парламентарни избори и да се најдат 101 или 1001 причина зошто е во интерес на Македонија ова собрание да остане такво какво што е. Споменавме многу пати досега дека е тоа такво, неефикасно, неодговорно, неподготвено да даде одговор на крупните прашања кои што се поставуваат итн., итн.

Бидејќи оваа причина лична е и партиска мораше да се скрие мораше да се најде и соодветно алиби. Тие алибија се менуваа со текот на времето. Така, прво се излезе со тезата дека овие избори или датумот за предвремените парламентарни избори 27 јануари е диктиран од страна на рамковниот договор кој што согласно со многу наши колеги е резултат на меѓународен притисок и уцена. За да не заборават ќе ги потсетам дека овој термин и овие предвремени парламентарни избори беа дел не од Рамковниот договор, туку од договорот од формирање на Владата на големата коалиција. Притоа овој договор за формирање на Влада на национално или државно единство не дојде заради тоа што СДСМ тоа го сакаше, не дојде претпоставувам и заради тоа што ВМРО-ДПМНЕ тоа го сакаше, не дојде ни заради тоа што меѓународната заедница особено беше расположена да се мачи со составување на влада од месец, месец и половина, туку за жал на оваа држава, па за жал и на сите нас пратеници во ова Собрание до тој договор дојде заради тоа што претходната Влада успеа да изгуби контрола на дел од својата територија. До овој договор дојде заради тоа што оваа Влада не успеа да спречи војна. До овој договор дојде заради тоа што таа влада не успеа да го спречи и да го елиминира функционирањето на многу

терористички групи. И додека не го проголтаме тој факт без разлика колку е тежок одговор нема да најдеме на следните прашања.

Откако се формираше оваа влада и откако се потпиша Рамковниот договор, откако почна собраниската процедура за усвојување на уставните амандмани нас ни беше јасно дека голем дел од дискусиите кои што се водеа со денови, голем дел од седниците кои што се закажуваа, одложуваа к презакажуваа се должи на желбата д асе избегне обврската да се оди на предвремени парламентарни избори. Меѓутоа, за жал времето тече, па дури и тој термин што се пропушти од два месеци после потпишувањето на Рамковниот договор сепак денот на усвојување и на завршување на тој дел од процесот дојде и се отвори во таа ситуација прашањето на предвремени парламентарни избори.

Кога се спомна можноста да се оди на избори во јануари, ставот јавно прокламиран на најголемите политички партии, а пред се на ВМРО ДПМНЕ беше моментален. Реакцијата беше моментална а тоа е дека во

јануари избори несе можни бидејќи процесот се уште не е завршен. Бидејќи заврши,не е процесот се уште не е реинтегрирана територијата, се спомнуваше дури оправдување од типот на попис кој треба да се заврши, оправдување под изборна регулатива итн., итн.

Јас ќе се обидам со неколку реченици за секои од овие т.н. оправдувања да кажам зошто сметам дека не се оправдани.

Прашањето на пописот беше најинтересно прашање кое што беше споменато од координаторот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, доколку се потрудеше да го препрочита Рамковниот договор ќе сфатеше дека Пописот не се предвидува за пред предвремените парламентарни избори, туку за по предвремените парламентарни избори. Ако се обидеше да направи некој анализа и на изборното законодавство досега ќе видеше дека пописот апсолутно нема влијание врз изборната процедура. Ако се обидеше малку да размени некои политички аргументи со некои свои колеги ќе видеше дека един-

ствена варијанта во која што пописот би можел да има влијание е доколку се точни некои обвинувања, дури највеќе во тоа беа гласни припадниците на т.н. ОНА дека албанската популација во Македонија не е таква каква што е, и дека изнесува 30%, па може би координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сакаше со пописот една таква ситуација.

Следен аргумент кој што се користеше беше аргументот на нов; изборна регулатива кое некој од колегите го спомена и денеска. Се спомен; дека е недозволиво во Македонија да се оди на избори во јануари пред претходно да биде изменет изборниот закон заради тоа што во тој случај ни се заканува повторно војна која што ќе биде предизвикана од изборните насилства. Да ве потсетам. Парламентарното мнозинство што 1998 година дојде на власт со истата таква изборна регулатива и без насилство, заради тоа залудни се напорите да се објасни дека насилството што ни се случуваше 1999 и 2000 година е резултат на системот на не она што реално беше, резултат на политичката волја да се фалсификуваат изборите.

Третиот аргумент беше сериозен аргумент, а тоа е дека Република Македонија се уште нема контрола и нема да може најсоодветно да реализира и избори на целата своја територија. Како СДСМ изјавивме дека тоа се легитимни аргументи за кои што вреди да се дискутира, меѓутоа клучното прашање што треба да си запоставиме е која е целта на овие избори. Целта на овие избори не е за да добиеме некоја влада која што понатаму ќе се грижи за нашите евентуално нови проблеми, туку помеѓу другото да добиеме Влада која што ќе биде подготвена да ги корегира и исправи грешките кои што беа направени минатата година. Меѓу другото да добиеме влада која што ќе има концепт, програма и желба повторно да ги интегрира деловите од таа територија. За жал во досегашниот период не изгледаше како да премиерот Георгиевски и неговата структура навистина е заинтересиран тоа да се случи. Може би дел од причините за тоа лежи во фактот што во тој случај немаше да има ниту обид за алиби зошто изборите не би се случувале во јануари. Меѓутоа, од таа своја изјава

премиерот Георгиевски го кажа следното: рече дека избори во јануари се неприфатливи заради нереинтегрираноста на нашата територија меѓутоа дека штом се создадат услови на пример во март или во април можно е да се организираат предвремени парламентарни избори. На ова можеме да ја додадеме изјавата која што ја даде Трајковски во своето интервју за Утрински весник според која тој очекува како командант на дел од вооружените сили и како човек кој што ќе го води процесот на реинтеграција на овие територии дека во релативно кус временски период од месец,месец и половина, два месеци, безбедносните сили ќе се вратат во овие територии што значи би се создале услови за изведба дури и на предвремени парламентарни избори дуси и во март,април или мај.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Откако СДСМ и неговата пратеничка група поднесоа амандман за да изборите се случуваат, за да Собранието денес се распушти, меѓутоа, да донесе одлука за распуштање во февруари, што би значело избори во април, тогаш ВМРО-ДПМНЕ започна очајничка потрага по нов аргумент или очајничка потрага по ново алиби. Не случајно, во петокот присуствуваме на еден извонредно хаотичен ден на премиерот Георгиевски.

Ако ги споредите десетте тези кои што ги кажа, ќе видите дека пет со пет не се согласуваат или најблаго речено се контрадикторни. Во ситуација во која што опцијата избори во април станува извесна и прифатлива за голем дел на пратеничките групи во Собранието премиерот мораше да најде нова причина поради која што неговата пратеничка група ќе се оправда заради своето неприфаќање на таквиот предлог. Тогаш излезе онаа фамозна изјава дека избори може да се случат во април, меѓутоа дека само ако СДСМ се врати во Владата. Со оваа реченица за мене се отвораат најмалку две прашања.

Првото прашање е прагматично. Ако смета премиерот Георгиевски дека предвремено парламентарни избори се авантуризам за Македонија, ако за тоа се согласуваат, а како што гледам дека се согласуваат најголем дел од членовите на неговата пратеничка група, ако не се има надеж или не се има програма врз база на која безбедносните сили навистина во овој период ќе се вратат во овие региони, тогаш зошто премиерот Георгиевски вели дека избори се можни во април, ама само ако СДСМ е во Владата. Јас не гледам навистина никаква дополнителна причина со која што овие услови би се измениле, доколку СДСМ влезе во Владата. Значи, авантура ќе биде ако се оди на избори во април, меѓутоа, нема да биде авантура ако СДСМ биде дел од Владата. Понатаму ќе се навратам околу тоа зошто мислам дека Георгиевски ја дава ваквата изјава.

И втора контрадикторност во оваа изјава, а која што гледам денес е видлива од различни изјави и од различните предлози на пратеници

на ВМРО-ДПМНЕ кои што очигледно имаат потреба од дополнителна координација за да претставуваат некој заеднички став, е следната.

Во текот на излагањето на премиерот Георгиевски, ако би се обидела да резимирам, би го сфатила следното. Голем дел од проблемите со кои денес се соочува Македонија е заради тоа што СДСМ влезе во Владата, па Георгиевски се жалеше на непослушноста на министрите, се жалеше на некооперативност на министрите, велеше дека на секој министер во Владата му дозволил да си тера сопствена партиска политика, како да тоа е прашање на избор, а не на премиер, итн. Денес овде слушаме канонада врз однесувањето и функционирањето на министерствата кои беа под раководење на некои кандидати на СДСМ. И сега тие истите луѓе кои велат дека проблемот бил во СДСМ, денес повторно излегуваат пред оваа говорница и велат може из бори, ама само ако повторно дојдете со нас. Дали ја бранат тезата дека проблемот бил во СДСМ или ќе ја бранат тезата дека веќе не можат без СДСМ. Кога ќе излезат со единствен став можеби полесно можеме да дискутираме.

Истиот премиер Георгиевски не пропушти исто така да го коментира начинот на кој што е создадена оваа претходна коалиција, па ни објасни за прв пат до сега дека тоа било прв пат кога тој потпаднал под влијание на одредена уцена. Дека всушност причината зошто Владата на големото македонско национално единство се формирала, не било тоа што тој сакал поддршка од различни политички партии, туку дека причината била што СДСМ му се заканил и го уценил со серија на демонстрации. Кај премиерот Георгиевски сме навикнати да ни ја реобмислува или редефинира историјата. Меѓутоа, ако тогаш влегол или ја прифатил таа коалиција под влијание на уцени, што е сега причината повторно да ја бара таа коалиција, што е сега причината по три пати да упатува апели до СДСМ да ја преиспита таа своја позиција итн., итн.

Се на се, присуствуваме, и за жал учествуваме на она што неколку пратеници го нарекоа фарса во Собранието на Република Македонија, во која јавноста треба да се убеди дека пратеничкиот дом не сака избори не заради тоа што сака да си ги загрози своите позиции и позициите на својата партија, не заради тоа што не сака да се соочи со волјата на граѓаните, не заради тоа што се плаши од избори, не заради тоа што максимално сака да го одолжи својот мандат во кој што целокупната власт апсолутно е во нивни раце, туку заради тоа што во тој случај интересите на Република Македонија би биле доведени во прашање. Сметам дека веќе стана јасно и не треба повторно да се објаснува дека најверојатно ВМРО-ДПМНЕ ќе најде доволно објаснување зошто нема да гласа за денешниот амандман ниту за денешната одлука. Веројатно на сите им стана јасно дека СДСМ не го поднесе овој амандман ниту ќе гласа за оваа одлука заради тоа што смета дека Собранието ќе се изјасни позитивно. Апсолутно сме свесни за тоа дека ова Собрание нема капацитет ни политички ни етички би рекла да се стави повторно на изјаснување. Апсолутно не е точно, мислам дека и на јавноста и е познато, дека излегувањето на СДСМ од Владата на господинот Георгиевски е со цел да се предизвикаат предвремени парламентарни избори. Ние тоа и го објавивме, дека немаме дилеми, дека ова Собрание дури и во вакви околности нема да си го дозволи сопствениот ризик да оди на избори и тоа ќе биде денес точно, тоа за жал ќе биде точно и ако ја одложиме оваа одлука, тоа ќе биде точно во секоја ситуација во која што пратеничка група со 46 пратеници ќе може да влијае, а може да влијае на таа одлука.

Меѓутоа, денешнава седница за жал беше злоупотребена, можеби за да се покрие оваа фарса, со цел да се зборува многу за тоа што направи а што не направи оваа Влада во која меѓу другите партиципираше и СДСМ со тројца министри. Ќе се согласиме со оценките дека оваа Влада требаше да направи многу повеќе.

Меѓутоа, јас би сакала да го кажам и нашиот партиски, но и мојот личен став што направи оваа Влада. Оваа Влада,за разлика од претходната Влада на господинот Георгиевски, не дозволи дополнителен дел од нејзината територија да падне под туѓа контрола. Оваа Влада не дозволи да продолжи трендот кој што по се изгледа заради кусо паметење го заборавамe и во овдешново Собрание, а тоа е на секојдневни жртви, секојдневни нови окупирани села, секојдневни нови етнички исчистени села и градови, секојдневни жртви, секојдневна мобилизација. денес мирот се уште изгледа далеку во Република Македонија. Меѓутоа, ве молам барем вие што сте овде во Собранието да се потсетите на тоа како изгледаше Македонија во текот на јуни, јули, па дури и август месец.

Оваа Влада не даде одговор на многу прашања и на многу барања на македонските граѓани. Меѓутоа, оваа Влада направи толку колку што направи меѓу другото заради тоа што во неа не постоеше заеднички, единствен и осмислен концепт. Затоа, кога ќе го отворите прашањето на македонското државно единство, треба првите прашања да си ги поставите себе си, бидејќи точно е дека на Македонија особено во вакви моменти и е потребно државно национално, натпартиско единство. Единство кое што ќе ги надмине нашите партиски и приватни интереси, па дури и нашите партиски и приватни сметки. Точно е дека на Македонија во вакви моменти и е потребно единство кое ќе се обиде да заборави не на избори во јануари, или избори во април, туку и на неколку наредни изборни циклуси и ќе се обиде своите одлуки да ги темели врз база на некои други принципи или барем врз база на некакви принципи. Меѓутоа, за да биде единството реално, тогаш неопходно е сите да имаме иста цел. Ние претпоставувавме дека целта на сите во ова Собрание е во Република Македонија да се врати мир. Ние претпоставувавме дека за сите нас во ова Собрание заедничка цел ни е Македонија повторно да биде стабилна и би рекла нормална држава. За да станат возможни ваквиот мир, стабилност и реалност, неопходно беше оваа Влада да има концепт и програма како да го врати тој

мир. Она што го чувме во изминатите неколку месеци беше константна критика на премиерот Георгиевски врз се она што се нуди и с§ она што е на дневен ред. Меѓутоа, премиерот Георгиевски ниту еднаш не излезе во име на таа Влада со заокружен концепт кој што ќе им го понуди и на граѓаните и на пратениците и за кој што ќе даде гаранција дека тој програм дека таа концепција носи резултати. На крајот на краиштата дури и да постоеше било каков концепт на Владата, на големото единство, на големата коалиција за да тој концепт станеше остварен, реален потребно ќе беше сите да се држиме до договореното. За жал она на што бевме сведоци во изминатите неколку месеци е континуиран хаос помеѓу изјавите на различни министри во иста Влада. Комплетен хаос помеѓу прогнозите на претседателот на државата и премиерот на државата. Комплетен хаос помеѓу прогнозите, анализите, процените и предлозите на клучните сектори во оваа држава. На тој начин господа пратеници не се гради единство. На тој начин не се стасува државата. На тој начин само се создава хаос во кој што ќе се скрие сопствената немоќ и некомпетентност. Затоа кога овде се коментира работењето на министрите на СДСМ, по малку изгледа дури и невозможно да се апелира на реална проценка на состојбите. Се зборува за функционирањето на Министерството за одбрана и притоа се заборава дека врховен командант на тие сили е претседателот Трајковски, за кој што јас можам да кажам отворено, меѓутоа вие не можете да кажете дека вие го направивте претседател со фалсификати, со притисоци, со уцени итн. На овие критични моменти во Македонија можноста беше сите да бидат внатре или сите да бидат надвор, меѓутоа, и ден денес се знае кој која одговорност ја понел. Па затоа, кога ќе зборувате за компетентноста на Бучковски, прво ќе треба да си одговорите на прашањето која беше компетентноста која што ни го донесе господинот Љубе Бошковски на чело на Министерството за внатрешни работи. Освен сомнителните зделки со оружје, јас не сум чула дека тој навистина имал некое искуство во безбед-

носта, освен она што вие му го понудивте кога се врати за прв пат во Република Македонија и кога го назначивте на сериозен сектор. Дел од причините поради кои што дојде до ваква криза и војна во Македонија беше токму фактот дека вакви луѓе дојдоа на чело на чувствителни, сериозни ресори.

Денес на Република Македонија по се изгледа и се потребни и чисти сметки и претпоставувам дека една ваква ситуација во Собранието на Република Македонија ќе даде одговор на барањето од страна на македонската јавност. Потребно е да се разјасни дека сите оние кои што трошеа часови за да зборуваат за единство, трошеа денови за да сеат лаги и дезинформации за сите оние други, сите оние кои што и денес зборуваат за единство го претворија единствениот национален државен канал во канал за комплетна дисквалификација од сталинистички тип би рекла на сите останати. На овој канал или на главните дневници на овој канал не само што се премолчуваат туку и се преправаат, именуваат дури и партиски соопштенија. Реалноста не е тоа што е, реалноста е тоа што МТВ ќе го објави.

Затоа, ве молам да престанете со тие говори околу македонско национално единство кое што ни е потребно. Македонски национално единство долго време ни беше потребно, меѓутоа, македонско национално единство е можно само ако биде искрено, а не ако биде злоупотребувано.

Во ова Собрание веќе доста време играме преситни игри за да не бидат видливи и на македонската јавност. Игравме игра со референдумот за кој што ВМРО-ДПМНЕ силно лобираше, меѓутоа само на говорница, притоа заборавајќи или премолчувајќи дека доколку ВМРО-ДПМНЕ сака да има референдум ќе има референдум заради тоа што гласовите за жал се на ваша страна. Во ова Собрание месец или месец и половина ја играме играта - ние сме против промени на Уставот, но мораме тоа да го правиме.

Во ова Собрание предолго ја играме играта да зборуваме дека ќе гласаме против, да гласаме за, за да на крај во поединечното изјаснување повторно гласаме против. Сето тоа влијаеше на намалување или не на намалување туку на уништување на рејтингот на Собранието и ние денес меѓу другото гласајќи за предвремени избори треба да дадеме отчет за она што сме го работеле во изминатиот период и да кажеме дека сепак имаме колку толку слух за јавноста која што бара распуштање на ова Собрание. Во ова Собрание предолго време се играме игра наречена македонско национално единство за кое што сакаме да зборуваме, меѓутоа, не сакаме да го спроведуваме.

И на крајот, македонскиот државен интерес би рекла, не национален, денес се состои меѓу другото и во предвремени парламентарни избори кои мора да репродуцираат поинаква Влада, поинаква Влада која што нема да се крие еден зад друг, поинаква Влада која ќе има каква таква програма, поинаква Влада која што ќе биде транспарентна во таа своја политика. Оваа држава за среќа не патеше поради неконструктивна опозиција, како што спомена координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Оваа држава веќе три години тоне во калта, а пред се заради својата деструктивна позиција. Се додека таа позиција не е изменета, се додека оние кои што ги влечат одлуките, се додека оние кои ги донесуваат одлуките ја креираат нашата реалност не бидат променети и се додека нивната политика и логика не биде поразена, оваа држава за жал само чекор по чекор ќе се враќа кон нормалноста. Заради тоа,мислам дека е обврска на ова Собрание, наместо реториките дека некој друг е виновен и наместо реториките дека тоа е секогаш Владата, претседателот, а не ова Собрание, наместо сите тие реторики да се погледне еднаш себеси во очи, да се погледне во огледало и да види дека време е да го реализираме она што го ветивме, а тоа е дека ќе одиме на предвремени парламентарни избори. Ако за тоа се согласиме, датата ќе биде второстепена. Меѓутоа, сега мислам датата само се злоупотребува да не отидеме на избори.

СТОЈАН АНДОВ:

Овде имаме многу пријавени дискутанти, господинот Флоровски се јави за реплика.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Не сум спомнат, но цело време се говореше за партијата. Јас сосема случајно сум пратеник на таа иста партија и немате право да ми одземете збор и да реагирате. Ќе бидам господине претседателе малку подолг ако ми дозволите, бидејќи она што успеав да го набележам барем јас е три страни. Колку време можам да реплицирам, 15 минути?

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи е реплика, таа трае пет минути.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Не знам од каде да почнам. Има доста работи кои ги забележав. Најмалку за ваков настап може да се гради македонско национално единство. Она што значеше денес настап на госпоѓата Шекеринска, која од време на време се јавува, ни фрла жешки костени во раце и секогаш вината ја бара во ВМРО-ДПМНЕ, а човек треба да има доблест и она што не чини во сопствената партија да проговори отворено, да го каже овде јавно. Доколку има храброст од повисоките партиски структури. Тоа е веќе работа на доблест, храброст и нормално блискост или оддалеченост до структурите на партијата, лидерот на партијата.

Од каде да почнам? Направена е психоанализа на Љубчо Георгиевски како премиер и она што го имаме видено во минатото од последниот настап во стилот „Сеќаш ли се Доли Бел", нешто слично е направено и денес, но нели тоа е стилот на госпоѓица Шекеринска која сигурно немам намера да ја навредам.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ: (Продолжение)

Нешто слично во нејзин стил ќе пробам не да реплицирам, туку да одговорам на некои работи кои како непознаница се нафрлија овде.

За Парламентот што да кажам? Пет, шест точки беа опфатени околу функционирањето на овој Парламент. Ако направам една паралела во квалитетот на овој Парламент и ова што значеше Парламент од 1994 до 1998 година кој со СДСМ, или некогашниот Сојуз за Македонија има не само простор, туку и двотретинско мнозинство, нема споредба. Нема споредба во однос на она што денеска ние го дискутираме, затоа што тој Парламент беше куклен театар,ова е Парламент во вистинскиот смисол на зборот. Значи, постои една реална опозиција во ликот на Социјалдемократскиот сојуз што е добро, не само што е добро, туку секогаш треба да постои опозиција која ќе биде коректор, или јавно ќе ги говори сите негативни работи на владејачката гарнитура. Таква работа вие господа немавте, владеевте како што вие сакавте, како што вие умеевте, или умееја одредени персони олицетворени во ликовите на одредени министри и правевте тоа што го правевте. Така што да правите паралела дека овој Парламент е недоветен, неспособен, партиски парламент кој работи само што е во интерес на ВМРО и со оној кој вие го водевте, мислам дека македонски кажано лук и вода, скопски гола вода. Ако сакате и чаирски, за жал вие сте од Берово, јас сум од Чаир. Јас имам еден сосема друг стил за разлика од вашиот и се гордеам со Чаир. Повеќе околу Парламентот не би сакал да говорам, ќе се јават сериозни аналитичари првиот каков бил вториот каков бил, третиот каков бил и секој ќе си ја понесе сопствената одговорност. За првиот можам да кажам дека е државотворен и мојата маленкост на некој начин учествуваше тука  и ми причинува задоволство, затоа што е создадена македонската држава.

Исто така многу е битно да се спомне зошто госпоѓица Шекеринска во повеќе наврати проба да направи психоанализа на господинот

Георгиевски, не знам дали е по задача. Има такви афинитети, или се работи за личен амонизитет спрема ВМРО-ДПМНЕ и спрема претседателот на Владата во случајот и претседател на ВМРО-ДПМНЕ.

Премиерот спомна овде што значи враќањето на Социјалдемократскиот сојуз. Не е фарса. Едноставно битката требаше да ја изнесеме заеднички на двете најмоќни македонски политички партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Ако веќе во минатиот период кога сесрдно се залагавте да влезете во оваа влада и на некој начин наидовте на плодното благодарејќи на овие пратеници овде и на централниот комитет на ВМРО во еден исклучително тежок момент за Македонија, не знам која е причината што сега си одите. Затоа што одговорите ќе ги побараме во она што значеше презентација на госпоѓица Шекеринска. Вели вака, од една страна обвинувате дека не можете да бидете бебиситерки на ВМРО-ДПМНЕ, а од друга страна госпоѓица Шекеринска вели дека мирот изгледа е далеку. И фактички е така. И заклучокот извлечете го вие. Ако веќе мирот изгледа далеку, зошто вие како политичка структура си одите. Зошто не останете по цена и утре да не ја добиете власта, или ВМРО-ДПМНЕ остане на позициите. Власта е менлива и минлива работа, но државата останува.

Уште една интересна работа, што направи оваа Влада за широка коалиција? Не се дозволи да се прошират конфликтите. Па само на тие простори живеат Албанци. Каде сакате да се прошират, во Струмица, во Берово. Па таму каде што ги има, таму беа конфликтите. И ќе ве потсетам додека господинот Бучковски беше портпарол на СДСМ, ако добро се сеќавам говореше дека ако дојде за министер за три дена ќе ги среди работите. Поминаа пет месеци. Уште една фатаморгана, вашиот координатор Филиповски вели дека за 55 дека ќе ги врати македонските бегалци. Исто така, една голема фатаморгана на кое можат да наседнат само луѓе кои не размислуваат малку подлабоко и позрело, имајќи ја во предвид состој бата во која се наоѓа Западна Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине Флоровски, доволно е. Така е редот.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Господине претседателе ќе го почитувам Вашиот ред. Ова е ваш ред, или на деловникот за работа.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е ред на Собранието.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Значи не е ваш? Ова е деловнички.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас го држам.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Добро, држете го.

ДЕЛЧО ИЦКОВ:

Почитувам претседателе, почитувани пратеници, јас со добра намера бев на некој начин прозван, од аспект што госпоѓицата Шекеринска во повеќе наврати напомена дека ВМРО-ДПМНЕ има пратеници кои не сакаат нови избори, потоа по однос на одговорноста што зборувавте и ќе кажам нешто и околу довербата која вие ја начнавте. За избори, јас лично како Делчо ќе ви кажам, јас сум за избори и тоа како член на ВМРО-ДПМНЕ на 27 јануари да се одржат изборите. Јас лично тоа го чувствувам и сите мои размислувања ме наведуваат дека ВМРО-ДПМНЕ како партија, ако гледаме како партиски интерес најголем успех, по мене лично, што не значи дека сите мора да се сложат, избори ќе има на 27 јануари. Но,сега зборуваме дали како луѓе кои вие ја потегнувате целата суштина како одговорни политичари, луѓе кои седат во овој Парламент, луѓе кои ја водат оваа држава и кои беа до пред изгласувањето

на недовербата на вашите министри во самата влада, дали е одговорен момент да се оди на предвремени избори.

Прво, морам да напоменам не можам, цело време кај одредени пратеници на СДСМ да ја дефинирам злобата што ја имаат по однос на одредени луѓе од ВМРО-ДПМНЕ и плус на тоа цело време да се напаѓа со зборовите, навистина не доликуваат некогаш да се кажат овде. Прво, длабоко сум навреден што рековте дека имаме неодговорен Парламент. Па јас не можам да замислам дека овој Парламент во Македонија, овие пратеници се неодговорни по се она што го одработивме досега. Дали побрзо или подоцна тоа е релативно да се зборува, но што направивме. Второ, неодговорни лидери, дали е можно да кажете дека Бранко Црвенковски, Љубчо Георгиевски,Арбен Џафер и Имер Имери, се неодговорни, ако ги земеш дека од нив произлегува целата власт, па и ние пратениците на некој начин сме врзани со нив. Тоа не можам да си го објаснам, бидејќи луѓето сепак со целосна одговорност седнаа и го направија тој Рамковен договор. Врз основа на тоа одговорноста понатаму се пренесе во нашиот Парламент и ние си зедовме дел од таа одговорност. Дали е на СДСМ одговорноста како партија која, факт е се случи, самата напомена дека се случи дека не по заслуга на кого, што како, тоа се случи, дали од надворешни сили имало влијание, а факт е дека меѓународна политика се случуваше на овие простори, тоа ни се случи. Сите заедно и вашиот лидер кажа, сега заедно мораме да излеземе на крај со овој проблем. И го почнавме проблемот и на некој начин го реализиравме. Дојдовме до крајот. Крајот значи дека покрај ова што ние го направивме дека сега еве, дојдовме во Парламентот ги изгласавме уставните амандмани и се е завршено. Не е точно.

Платформата на претседателот Трајковски, Рамковниот договор зборува за еден момент, тоа се вика доверба меѓу граѓаните, да ја

вратиме довербата на тие простори. Покрај реинтеграција, никој не го спомнува зборот доверба. Јас доаѓам од Гостивар. Довербата е последниот момент и најголемиот момент. Сега да правиме проценка ако се однесуваме одговорно. Ако се однесуваме одговорно, дали е возможно во овој момент во Гостивар, бидејќи од таму сум и добро ги знам приликите да се одржат предвремени избори во целиот регион од Гостивар, Тетово, од левата страна, да не ги набројувам селата. Невозможно е да се одржат избори. Зошто? Прво, ќе наведам една причина дека ако почнеме со из бори и со нашата реторика на из бори кој а ја манифестираме длабоко сум убеден дека ќе настапиме остро и просто убеден сум дека ако постои мала доверба и таа ќе се руши. Второ, спроведувањето на самите избори на тој простор е невозможно. Јас мислам дека попрво ќе излеземе со оружје таму да спроведуваме избори, отколку да направиме некои си демократски из бори. Но, трето што е нај битно, сега што Делчо е како Делчо, или претседателот ваш на СДСМ во Гостивар и на претседателот на ВМРО и на претседателот на ДПА и на ПДП сега што следува наше е покрај ова што се случи, значи таа имплементација на теренот сега треба да се реализира. Како? Треба да седнеме заедно ние таму на локално ниво и секаде во сите градови да се седне и да видиме како можеме тие на некој начин разрушени меѓучовечки односи и довербата да ја повратиме назад. Затоа мислам дека се е во ред, но еден момент не можам да си го објаснам. Зошто да бегаме од одговорноста која ја носиме, а веќе викаме, можеби за вас важи дека сме неодговорни. Не, многу одговорни, бидејќи ако ништо повеќе нашите лидери беа многу одговорни и во целата постапка и понатаму треба да продолжиме да бидеме одговорни. Тоа значи ние сега по однос на самата стратегија, национална стратегија во моментот што ја реализираме таа национална стратегија и што е многу битно, не мора ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ да се сложуваат и јас велам

и да не се сложуваат, но по однос на некои интереси треба да ја продолжиме борбата да ја носиме цело време заедно. Па кој и како победил на избори, тоа не е битно. Но, битно е на пример дали ние се откажавме од битката дека името го промени во времето СДСМ, го смени името на Република Македонија и го добивме тоа име. Добро во тој момент оцениле луѓето дека тоа требало,најдобро да било под меѓународен притисок како што го имавме и сега се случило тоа што се случило, но битката продолжува. ВМРО-ДПМНЕ не направи ниту чекор по однос на името. Продолжи дефиниција да се бориме докрај.

Второ Европската унија, дали застанало, не застанало, храбро напред, борбата продолжува, да ја завршиме таа битка да влеземе во Европската Унија. ВМРО-ДПМНЕ како национална стратегија ја продолжува. И икс нешта што можам да ги бројам дека како стратегија се движат. Но, сега во овој момент дефинитивно беше потребно одговорноста заедно да ја понесеме по однос на оваа цела имплементација на тој рамковен договор, а не кога е нај битно, повлечи се. Тоа не е одговорност. И кога е најсуштествено во Македонија, велам не е битно ние овде дали ќе го донесеме тој закон, ако не функционира на нашите простори, воопшто ако не функционира. Таму треба да се имплементира, а тоа можеме заеднички да го направиме, а не овде сега не препукнувате дека не сме за избори. Јас сум за избори, ви кажав, многу брзо. Но, сепак одговорноста треба до крај самите ние како ВМРО и СДСМ, бидејќи се фативме, да ја довршиме работава, а не на пола, па побегни. Тоа не чини. Добронамерно го зборувам, значи ако зборуваме за партиски интереси ние сепак ВМРО-ДПМНЕ како партија се издигнуваме над својата партија, пред се државата. А многу пати викате пред се државата. Ако е државата, тогаш тоа треба навистина да го покажуваме.

СТОЈАН АНДОВ:

Ја прекинувам седницата.

Седницата ќе продолжи утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 15,50 часот).